## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Осумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 декември 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 17,31 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше потпретседателот на Собранието на Република Македонија, господинот Бесим Догани.

**Бесим Догани:** Продолжуваме со работа по 88-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Влатко Серафимов, Тале Герамитчиоски, Лазар Китановски, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Мендух Тачи, Арбен Џафери, АбдуладИ Вејсели и Љубчо Георгиевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Точка 3. - Предлог на Буџет на Република Македонија за 2008 година.**

Продолжуваме со општ претрес по Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Процедурално има госпоѓа Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници

Пратеничката група на СДСМ е свесна за важноста на побрзото изгласување на Буџетот на Република Македонија и бидејќи до сега имаше можност во текот на општата расправа да ги искаже своите ставови за одделни ставки и политики на Владата на Република Македонија кои што ни ги предлага преку овој Буџет, пратениците на СДСМ ќе се повлечат од понатамошни дискусии по општиот претрес, заради тоа што имаме голем број на поднесени амандмани по кои што расправата исто така треба квалитетно да се одвива. Меѓутоа, сакам да апелирам до парламентарното мнозинство, бидејќи најголемиот дел од времето наместо да го фокусираме на ефикасно работење, го губиме во 10 минутно, 20 минутно чекање на пратениците од Парламентарното мнозинство да влезат во салата за да можат да обезбедат кворум заедно со пратеничката група на СДСМ за да може изгласувањето на законите да се одвива многу поефикасно и многу побрзо. Затоа апелирам, бидејќи пратеничката група на СДСМ не е во можност да обезбеди 61 пратеник, тоа може да го обезбеди само парламентарното мнозинство, апелирам да бидат поодговорни и посериозни и да бидат свесни за тоа дека треба побрзо да го донесеме Буџетот на Република Македонија за 2008 година, да не дозволат да губиме потребно време во чекање за обезбедување на кворум после секоја дискусија за амандманите кои што се поднесени. Значи, да не се случува она што редовно се случува во собраниската сала.

**Бесим Догани:** Процедурално има госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Го поздравувам предлогот на колегите од СДСМ. Пратеничката група на ВМРО ДПМНЕ исто така ќе ги повлече сите дискутанти за Буџетот на Република Македонија за 2008 година се во интерес на побрзото носење на Буџетот и очекувам и колегите од другите пратенички групи да постапат на овој начин за да можеме да започнеме со амандманската расправа.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бонева.

Господинот Никола Ќуркчиев се повлекува, госпоѓа Весна Бендевска се повлекува, Садула Дураку се повлекува, Секуловска Мирјана не е присутна, господинот Кире Гештаковски не е присутен, господинот Данаил Дончев, не е присутен, господинот Азис Положани не е присутен, господинот Љубисав Иванов Ѕинго, не е присутен. Госпоѓа Роза Топузова Каревска, не е присутна, господинот Ѓорѓи Оровчанец, не е присутен.

Има збор господинот Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Благодарам господине потпретседател.

Ќе се обидам да го дадам мојот став во однос на Предлог Буџетот предложен од страна на Владата на Република Македонија. Преставник на Владата тука е министерот за финансии, господинот Трајко Славески. На почетокот би сакал да се фокусирам на неговото воведно излагање и презентација на Бу џетот и би сакал да кажам дека на почетокот на неговото експозе во врска со Предлог Буџетот кој вели дека има посебно задоволство да го претстави Буџетот за 2008 година и резултатите кои што оваа Влада ги има постигнато, како и овој Парламентарен состав во многу области од општествениот живот во Република Македонија. Меѓутоа, во оваа насока тој истакнува и еден неоспорен факт дека Владата на Република Македонија е сконцентрирана во насока на исполнување на Рамковниот договор, договор кој почнувајќи од премиерот Груевски и сите други политички претставници сите вербално говорат гласно за Рамковниот договор. Но, кога се работи за имплементацијата, тие одбиваат да се исполнат неопходните и потребните стандарди на овој договор. Сакам уште еднаш да повторам дека доколку сакаме да се повикуваме на Охридскиот рамковен договор тогаш треба да се има еден консруктивен пристап во однос на Рам ковниот договор како и обврските кои што произлегуваат од истиот. И, во оваа насока се разбира и последната средба на политичките лидери немаше еден позитивен присап кон исполнување на обврските за кои и премиерот, како и другите политички експоненти на Република Македонија говорат со гордост.

Што се однесува за децентрализацијата, тој исто така вели дека целосната имплементација на Рамковниот договор со децентрализацијата на

власта, ние сме свесни дека сегашната власт нема добра соработка со локалната власт и ова многу добро се гледа во тоа што и Министерството за внатрешни работи не успева да изнајде компромис со општините кои што се раководат од градоначалници на опозицијата, особено на оние на ДУИ во однос на имплементацијата на Законот за полиција. Кога говориме за Раммковниот договор би сакал да истакнам и еден друг неоспорен факт дека тој претставува уставна обврска, секоја влада и секое министерство, почнувајќи од неговото министерство па и од Кабинетот на Никола Груевски треба да има постојан ангажман во насока на постигнување на пропорционална правична застапеност на немнозинските заедници во Република Македонија. Какви се резултатите во оваа насока, во насока на исполнувањето на оваа обврска покажува и еден друг неоспорен факт што беше искажан тука во ова Собрание неодамна каде се покажува, каде од податоците обезбедени од Заводот за статистика покажува дека до април 2007 година овој парламентарен состав има вработено 3000 луѓе. И имаме една констатација од еден политички преставик на мнозинството кој вели дека се вработени 700 до 800 лица од албанската заедница, што значи дека доколку продолжиме со ова темпо сигурно дека определбата за исполнување на Рамковниот договор не е соодветен во оваа област. За година и нешто овој Парламентарен состав почнувајќи од Никола Гуевски и други преставници велеа, изјавуваа постојано дека 140 милиони денари се издвоени во програмата во оваа насока што е три пати повеќе од програмата во 2006 година. Меѓутоа, со последната Предлог одлука на Владата на Република Македонија која беше претходно усвоена се знае дека не беа реализирани овие финансиски средства за кои што толку многу се говореше од овој владин состав каде велеа дека ние сме одвоиле три пати повеќе средства за ова за разлика од претходниот состав. За да се каже дека се издвоени три пати повеќе средства за соодветна и правична застапеност треба да се дадат конкретни факти за да се поткрепат таквите изјави и да се дадат бројки. Во оваа насока јас би сакал да го истакнам фактот дека во Република Македонија бројот на вработените доколку го погледнеме Предлог Буџетот на Република Македонија бројот на вработените во многу сектори, во многу министерства, значи во овие министерства и во овие сектори нема големи промени. Од страна на Народниот правобранител имаме такви податоци. Значи, сеуште немаме соодветни статистички податоци такви какви што Илија Димовски коментираше врз основа на статистички податоци околу тоа кои се резултатите кои што се постигнати од страна на Владиното мнозинство. Значи, таквите изјави беа поткрепени врз статистички податоци. Би сакал да истакнам дека Владата треба повеќе да се посвети, треба да одвои повеќе средства доколку во 2007 година велеа дека издвоиле три пати повеќе средства од 2006 година. Што ќе кажат во 2008 година кога се одвојуваат три пати помалку средства отколку во 2007 година. Тоа значи исто така треба да говориме и за распределба на материјалните добра. Јас би сакал да укажам доколку општина Струга, таа учествува со 3,2% во Буџетот на Република Македонија, исто така во планирањето на капиталните инвестиции на Република Македонија таа треба да биде земена во предвид за да учествува токму со истиот процент со 3,2% и да и биде доделен тој процент од капиталните средства. Се знае дека од Бу џетот 340 илјади се одвоени за капитални средства. Од страна на министерот Трајко Славески од овие средства ниедна капитална инвестиција не е предвидена за општина Струга, што значи дека во овој момент ние немаме една соодветна распределба на финансиските средства така како што би требало да биде и да биде соодветно со учеството на општините, на граѓаните во полнење на Буџетот на Република Македонија. Исто така, би сакал да го истакнам фактот дека општина Струга во изминатата година не доби доволно финансиски средства и во оваа насока би сакал да истакнам дека оваа општина која брои 65 илјади жители добила некаде 350 илјади евра, или 400 илјади евра што е една бројка многу мала во споредба со нејзините потреби во однос на нејзините потреби за патна инфраструктура, за водовод, или пак за изградба на разните мрежи итн. Господинот Илија Димоски во својот говор кажа дека има многу инвестиции, или се даваат социјални субвенции, социјални трансфери во Република Македонија, меѓутоа, од неговиот говор јасно се гледаше дека сите инвестиции се сконцентрирани во источна Македонија. Тој говори за инвестиции со големи бројки. Ние во оваа насока не се противиме на инвестициите ои се прават во оваа област во Источна Македонија. Меѓутоа, сигурно дека Трајко Славески и неговата Влада треба да предвидат во нивние инвестиции да има соодветна распределба и пропорционална распределба на ниво на државата.

Што се однесува до правичната и пропорционалната застапеност, особено посебна забелешка имам и за Собранието на Република Македонија, затоа што и Собранието на Република Македонија нема направено доволно напори во оваа нсока, затоа што статистичките податоци покажуваат дека правичната застапеност на Албанците во оваа институција е само 8%. Значи, доколку би требало да се дадат конкртни податоци и ефективните резултати на Програмата К-5 на Владата на Република Македонија, тогаш ние треба да видиме кој е ефектот и кој е конкретниот резултат и во оваа законодавна власт и колкава е вработеноста и колку е подобрена националната структура во рамките на Собранието на Република Македонија. А да не говориме за многу други сектори во кои не се направени никакви промени во прилог на правичната и пропорционалната застапеност на немнозинските заедници во Република Македонија.

Би сакал да го исакнам и фактот дека Трајко Славески изјавува дека животниот стандард на граѓаните на Република Македонија е пораснат. За да порасне животниот стандард на граѓаните на Република Македонија треба да знаеме колку се зголемил процентот на вработувањето и на вработените во Република Македонија, колкав е бројот на невработените, колкав е бројот на оние кои живеат од надоместоци, како на пример пензионерите и други. Треба да знаеме за колку се зголемени платите и пензиите во Република Македонија, затоа што актуелно потрошувачката кошничка на граѓаните на Република Македонија е скоро еднаква со просечната плата на Република Македонија, односно некаде 200 евра. Меѓутоа, имајќи предвид дека имаме еден многу голем број околу 35% невработени во Република Македонија, тогаш овој голем процент на невработени во Република Македонија како тој број би го подобрил животниот стандард на граѓаните на Република Македонија и како тие невработени ќе одвојат од својата плата за матријалните добра, или за нивните основни потреби. Што значи, дали можат пензионерите да оделат толкави средства како што тоа се предвидува со просечна плата на ниво на Република Македонија. И во ова насока невработените, пензионерие, како и оние чиј приход е под просекот во Република Македонија, под кои услови тие успеваат да го постигнат тој подобар животен стандард во Република Македонија. Треба да се знае фактот дека инфлацијата во Република Македонија достигнува некаде 2%, а во еврозоната инфлацијата е некаде 3%. И во своето образложение Трајко Славески ова го поткрепува со фактот дека намалувањето на инфлацијата, или одржувањето на инфлацијата во Република Македонија на ниво од 2% е резултат на намалувањето на даноците и дека на тој начин се постигнува граѓаните да имаат поголема можност од својата плата да оделуваат средства за егзистенција. Но, во идниот период мислам дека особено значење ќе има и тоа да се продолжи со темпото за оделување на средствата за пропорционална и правична застапеност на немнозинските заедници во Република Македонија, а не да се оди во насока на намалување за три пати на оваа вредност. Се надевам дека во идната година 2008 Владата на Република Македонија смета дека треба особено значење да и посвети на соодветната распределба на средствата. Затоа и ние како ДУИ интервениравме со некои амандмани, амандмани кои веруваме дека ќе можеме соодветно да ги образложиме и ќе можеме да наидеме на разбирање со цел тие да бидат прифатени. Треба да се има во предвид фактот дека оваа Влада на Република Македонија не го ужива и го нема апсолутниот глас на сите граѓани на Република Македонија, туку го има гласот само на еден дел на граѓаните на Република Македонија, па било тоа и да е мнозинство.

Но, кога се работи за распределба на материјалните добра независно од овој факт, треба да размислуваат во насока на исполнување на интересите на сите граѓани на Република Македонија. Јас се надевам дека во текот на дебатата кога ќе се разговара за амандманите на ДУИ дека ќе наидеме на разбирање од страна на Владата, владиното мнозинство, се надевам и верувам дека некои амандмани ќе бидат прифатени и ќе се гласа за нив од страна на парламентарното мнозинство. Благодарам.

**Бесим Догани:** Господинот Гарип Каба е пријавен за реплика, повелете.

**Гарип Каба:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас можам да верувам дека господинот Тахир може да има политички излагања, но да се јави како експерт по финансии, за мене е неразбирливо.

Сакам да се спротивставам на неговото излагање, посебно во однос на неговата анализа и излагањето во врска со инвестициите во општина Струга и распределбата на средства на непропорционален начин и наводно на невидлив начин се вршат инвестициите во општина Струга.

Јас со бројки и факти ќе му се спротивставам на оваа диксусија нагласувајќи дека само за 2007 година, господине Тахир, ќе ви дадам аргументи дека во Струга врз основа на проекти и врз основа на иницијативи на ДПА и мојата лична интервенција имаше инвестиции во неколку проекти и тоа видливи проекти кои се отпочнати, а на други места се уште не отпочнале со реализација. Причините зошто не се остваруваат треба подобро да ги знаеш од мене. Пет милиони денари од Министерство за транспорт и врски се доделија само за колекторот во Велешта. Три милиони денари, против вредност од 50 илјади евра се дадоа за подобрување на мрежата на водоснабдување во Велешта. Два милиони денари, над 30 илјади евра за подобрување на водоводната мрежа за село Франгово од Шум до Франгово и овој проект не е реализиран, како што не се реализира и проектот за водоводот во Велешта.

Исто така три милиони денари против вредност 50 илјади евра за изградба на резервоар во село Радолишта кој требаше да се реализира во 2007 година, но остана неостварен и средствата како што знаете и вие, не се искористија.

Доколку говориме со аргументи, сакам да нагласам за нештата кои ќе се случат во 2008 година. Вие ќе бидете сведок и ќе видите дека ќе се реализираат тие проекти. Има 6 спортски сали, кои се очекуваат на почетокот на 2008 година врз основа на тендерот од 2007 година кој е при крај, а извршителот треба да ги реализира на почетокот од 2008 година, се работи за 7 спортски сали. Една сала покрај Велешта ќе се изгради во дворот на училиштето во твојот роден крај, а ти лично си бил градоначалник на тоа место и треба да имаш ретроспектива колку си инвестирал ти и твојата партија во 2005 и 2006 година на таа територија.

**Бесим Догани:** Контра реплика за гоподинот Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Почитуван колега, другар, Гарип Каба.

Не е во ваша свест да ме навредувате и да кажувате вакви констатации. Тоа е прво.

Второ, доколку говориш дека јас не сум експерт во областа на економијата, тогаш ти треба да направиш поедноставна математика и поточна. Јас реков дека 350 иљади евра се инвестираа во 2007 година. Доколку спориш дека навистина се инвестирани повеќе ќе држеше твојата реплика.

Понатаму, јас не го нагласив фактот што ќе се инвестира во 2008 година. Предлог-буџетот на Република Македонија никаде не можам да ја видам општина Струга евидентирана за да се инвестира. Сето друго е во областа на интерните договори и тие не се гарантирани дека ќе се остварат.

Но, како и да е треба да видиме дека Струга учествува со 3,2% во вкупниот број на Република Македонија и треба да има толку финансиски средства во однос на капиталните инвестиции во општина Струга. Ова е едноставна политика.

**Бесим Догани:** За реплика е пријавен господинот Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседателе.

Мојата реплика ќе ја концентрирам и насочам на средствата на соодветна и правична застапеност. Таксативно сакам да му укажам на господинот Хани дека во 2006 година К-5 програма имаше 40 милиони денари, кога неговата партија беше на власт. Ние го зголемивме во 2007 година за 160 милиони денари. Значи три пати повеќе од средствата кои им беа доделени за програмата К-5 кога ДУИ беше на власт. Сега за 2008 година господине Тахир Хани имаме 200 милиони денари кои ќе се наменат за правична и соодветна застапеност и 40 милиони денари за функционирање на Секретаријатот за правична и соодветна застапеност, значи комплетно 240 милиони денари наменети за функционирање на стратегијата за правична и соодветна застапеност во Република Македонија.

Самиот пораст на овие средства говори за една атрактивност и зголеменост на правичната и соодветната застапеност, а ние во текот на нашето владеење имавме можност да манипулираме позитивно во однос на правичната и соодветна застапеност.

Со овие средства се вработија 100 работници во ДУТ. Од овие средства се вработија 35 работници вработени во Театарот во Тетово. Од овие средства се вработија над 500 административци. Од овие средства се вработија во многу други сектори лица кои влијаеа позитивно во правичната застапеност на Албанците. Додека оваа стратегија кога вие бевте на власт се оцени дека ќе се постигне за 43 години, напротив, ние имаме практична стратегија Секретаријатот за правична и соодветна застапеност во институциите во Република Македонија го имаат своето право за да ги казнат институциите за да се достигне застапеноста. Ве уверувам дека во текот на 2008 година токму ваков настан ќе имаме во Парламентот во Република Македонија каде потпретседателот на Владата што го води Секретаријатот за правична и соодветна застапеност се обрати до Парламентот за да укаже колкав е процентот во Парламентот и да спроведеме реален процент на Албанците, Албанците ќе имаат поголем пристап и вработени во ова Собрание.

Уште нешто сакам да ви кажам. Во кабинетот на претседателот на Парламентот никогаш немало Албанци, сега вработивме Албанци во Кабинетот на претседателот. Во Кабинетот на гопсподинот Бранко за кој трчавте и му ги обезбедивте гласовите нема ниту еден Албанец, има само една Албанка која ја вработивме ние кога беше претседател господинот Трајковски.

**Бесим Догани:** Контра реплика за господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Почитуван колега Ружди Матоши, кога велиш нешто треба да го поткрепиш со аргументи. Дали сум гласал или не за Бранко Црвенковски, за тоа треба да имаш неоспорен аргумент пред да говориш. Говореше за мене.

Доколку говориш во рамките на статистичките податоци околу тоа колкава е разликата помеѓу вработените еве тука е потпретседателот на Собранието нека ни каже колкав е процентот на вработените Албанци во Собранието на Република Македонија. Колкав е процентот, колкава е разликата, не е битно дали повеќе или помалку, говориме за бројки и проценти. Вие ги немате статистичките податоци. Јован Мансијевски беше прецизен рече 3300 од статистичките податоци, колкав е процнетот и кога ќе ја смените оваа проценка. Програмата К-5, заборавата дека ви се одземени 30-40 милиони денари со одлука односно со трансферот на финансиските средства.

Затоа сакам да говориме на директен начин и нашите ставови да бидат поткрепени со статистички податоци, така како што прават другите.

**Бесим Догани:** Есад Рахиќ не е присутен.

Госпоѓа Весна Јаневска има збор, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам господине потпретседателе.

Моите колеги од СДСМ навистина имаа можност долго да зборуваат за Буџетот, но Буџетот е исклучително значајна работа за една држава затоа јас сепак ќе си дозволам да прозборам нешто, се разбира нешто блиску до мојата основна струка.

Им благодарам на сите што се откажаа и затоа не само колегите од СДСМ туку и оние од ДПМНЕ затоа јас мојата расправа ќе ја скратам на минимум, ќе ја сведам на нешто што е во корист

на сите граѓани на Република Македонија не само на поедини етнички групи.

Јас ќе зборувам за Буџетот на Фондот за здавствено осигурување на Република Македонија за 2008 година. Многу од колегите го спомнуваа Фондот за здравствено осигурување, но воглавно попатно во споредба со другите дискусии, за што не треба ни да им се замери оти навистина имаше многу што да се каже.

Она што би сакала да го кажам ќе се трудам, повторувам, да бидам што е можно пократка дека Предлог-буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2008 година е проектиран на 17.312.355 денари што значи, зголемување во однос на 2007 година за 4,44%.

Истиот е подготвен врз основа на предвидувањата за движењето на одредени макроекономски индикатори за 2008 година и препораките за насоките дадени од Министерството за финансии на Република Македонија за изготвување на буџетски пресметки, одредбите од Законот за буџети и Правилникот за изготвување и извршување на Буџетот за Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија, како и процедурите за изготвување, извршување и внесување на Буџетот на СЗОМ и на буџетите на ЈЗУ, што значи според она што навистина би требало така да биде.

Со зголемување на Буџетот на Фондот ќе се подобри квалитетот на здравствените услуги, лековите, ќе се зголемат инвестициите во здравството и ќе се обезбедат средства за структурно подобрување на целокупниот здравствен систем, што во Република Македонија веќе подолг период претставува сериозен проблем, па така зголемувањето на Буџетот на Фондот за здравство за 4,44% лично го поздравувам.

Приходната страна на Предлог-буџетот е 17.312.355 денари како што веќе еднаш кажав. Овде се влезени приходите по основ на придонес од задолжително здравствено осигурување, трансферите од Буџетот, превентивните програми, приходите од партиципација и други приходи од централниот буџет односно хармонизација и рамен данок. Се разбира ќе сакам по однос на партиципацијата малку подоцна многу кратко да се осврнам затоа што сметам дека е значајна, односно за трасферот на парите од партиципација во Фондот или не во Фондот.

Приходите од придонесот за задолжително здравствено осигурување се проектирани на 9.169.000 денари што во однос на минатата година значи зголемување за 1,22%. Ова го кажувам не само затоа за да го читам Буџетот оти се тоа ставки од Буџетот, туку да потенцирам нешто за што беше дискутирано во изминатите денови на оваа седница која беше прекината.

Во оваа ставка се внесени реални очекувања за зголемување на приходот по овој основ следејќи ги соодветните показатели за движење на работната сила и спроведување на евиденцијата во однос на фиктивно вработените лица, а не така како што некои мои колеги тврдеа дека ставката за здравствено осигурување е зголемена.

Ова е изразено со очекување на поголем приход во однос на 2007 година за правните лица, а помал кај лицата кои вршат самостојна дејност. Сепак целата ставка покажува тенденција на пораст која се должи на движењето на платите на вработените посебно поради зголемување на платите во државната и јавната администрација за 10% во здравството и за 21%, а и поради поредовното плаќање на придонеси.

Сакам да повторам дека промена, барем според она што јас го имам како информација, а ниту сме изгласале ниту е објавено во Службен весник, поинаку не е, туку заради овие елементи, а не заради зголемување на ставката за здравствено осигурување.

Сепак во делот на придонеси од изминатите години се забележува зголемување од само 0,88% односно околу 600 илјади денари, значи 291.783.000 денари на 297.000 денари. Сметам дека оваа проекција е неточна и нереална и дека се должи на фактот дека овој Предлог-буџет од страна на Фондот на здравствено осигурување е правен во месец септември 2007 година кога не се земени во предвид некои битни околности.

Имено, со годишниот извештај за 2006 година објавен во април 2007 година се утврдени побарувања на Фондот по основ на неплатен придонес за задолжително здравствено осигурување на околу 2,5 милијарди денари. Поради овој фајт голем број на работници беа оставени без сини картони и без здравствена заштита. Поради тоа Фондот започна со поведување на судски постапки против сите должници. Ова започна некаде октомври 2007 година. Ова го потенцирам затоа што навистина е значајно и затоа што во изминатите години навистина имаше проблем со наплата за средствата определени за Фондот. Огромен број фирми кои плаќаа други даноци не ги уплаќаа средствата за здравствено осигурување на сопствените работници и тие беа доведувани во многу непријатна ситуација да не можат да го користат здравствениот систем на Република Македонија.

Но, како резултат на покренатите служби и влијанието на други должници во месец ноември и првата половина на декември 2007 година е забележано зголемување на приходот на Фондот по основ на придонес за задолжително здравствено осигурување од претходните години и повеќе од 10%, што сметам дека претставува особен успех за здравството.

Поради оваа тенденција на зголемен приход и поради очекуваниот епилог од судските спорови во текот на 2008 година, сметам дека проекцијата на оваа ставка е неточна и дека во 2008 година треба да се очекува поголем прилив по овој основ.

Моето очекување го оправдувам и со тоа што сметам дека судството поефикасно ќе работи и тука нема ништо спорно, тие што должат мора да го платат својот долг и затоа сметам дека сепак ќе има поголем прилив во Фондот  што во суштина е нов квалитет за корисниците на здравствените услуги.

Делот на приходната страна на придонесите изнесува 52,96% од целиот Буџет, што во однос на претходните години бележи тенденција на намалување како учество во вкупниот Буџет на Фондот.

Ова, во однос на другите начини на финансирање на Фондот преку трансфери од централниот Буџет не претставува добар основ за развој на здравствениот систем и е индикатор кој означува ставање на Фондот  под влијание и финансирање на централно ниво. Тоа е опасност која на долг рок може да го загрози здравствениот ситем и мене ми е драго што тука е министерот за финансии и верувам дека ова сериозно го следи и еве јас би сакала да укажам на една аномалија за која би требало да се води сметка, се надевам дека нема да се дозволи да дојде до еден ваков момент, па дури и ако треба Министерството за финансии да интервенира во одреден момент, тоа ќе биде пожелно затоа што сите аномалии ќе одат против корисниците на услугите од системот за здравство во Република Македонија.

Во делот на трансферирани приходи кои во структурата на Предлог-буџетот учествуваат со вкупно 35,89% се гледа генерално зголемување, што е добро. Во оваа ставка се приходите и од Фондот  за ПИОМ, Агенцијата за вработување и Министерството за труд и социјална политика. Сепак овој приход од Агенцијата за вработување се гледа намалување за 2,27%, што се должи на хармонизација на придонесот, што сметам дека во некое идно догледно време би требало да се надмине затоа што и овие приходи во Фондот  се од исклучително значење.

Со ова генерално се изразува поголемиот број на осигурени случаи кои паѓаат на товар на централниот Буџет односно поголем број на вработени во државната и јавната администрација и поголем број на пензиониери поради староењето на населението.

Ова е тенденција и во други поразвиени земји, но проблемот тука се јавува поради  тоа што Република Македонија нема долгорочна стратегија за решавање на овој проблем, но тоа веќе не е проблем на Фондот за здравство и јас се надевам дека за тоа Владата ќе води сметка на друго ниво.

Во однос на превентивните програми се гледа исто ниво како и во 2007 година, односно  548 илјади денари.Ова само по себе не е проблем од причина што Собранието на Република Македонија неодамна ги донесе и ги изгласа програмите кои се во ред, но проблемот што парите од овие програми не се префрлуваат во буџетот на Фондот и секогаш се повторува ситуацијата кога има поважни работи за финансирање и парите не завршуваат таму каде што треба а тоа би бил Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија.

Во однос на приходите за партиципација јасно се гледа драстично намалување на износот за цели 14,95% , што е за поздравување, затоа што од осигурениците се земаат помалку пари. Ова се должи на намалувањето на ДДВ за лекови, медицинските и ортопедските помагала од 18 на 5%.

Исто така во 2008 година се планира, така како што ние веќе и го добивме во Собранието измената на Законот за здравствено осигурување со која партиципацијата ќе биде приход на здравствените установи, а не на Фондот со што се стимулира повеќе здравствени услуги на осигурените лица. Сметам дека ова е одлична одлука на Владата и  дека таа треба да се одржи кога ќе ги носиме измените на Законот за здравствено осигурување, како што претпоставувам до сега ви е познато дека партиципацијата се влеваше во Фондот за здравство и сметам дека останувањето на партиципацијата во здравствените установи многу ќе придонесе за нивни квалитативен и квантитативен развој, за обновување на опремата особено сега кога тие имаат свој буџет и кога овие средства ќе можат да ги калкулираат во својот буџет за модернизација на истите установи.

Во однос на приходите односно хармонизација на платите во Буџетот за 2008 година се планирани во износ од 960 милиони денари и истите бележат покачување во однос на планот за 2007 година кога пресметката на овие средства беше предвидена за половина година и тоа од намалување на средствата за придонес, од бруто плати во износ од 650 милиони денари по основ на намалена основица за придонесот за здравствено осигурување за период јануари-јуни на основица од 50%,  а за периодот јули-декември на основица од 65%. И по основ на пресметан придонес за здравствено осигурување од Агенција за невработени лица во износ од 350 милиони денари.

Со обврските кои што ги презема Република Македонија кон ММФ од 1 јули 2007 година започна хармонизација на придонесите односно изедначување на основиците за плаќање кај Фондот за здравствено осигурување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Агенцијата за вработување.

Со оваа измена се предвиде и еден преоден период каде во првата година основицата кај Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија ќе биде 50% од просечно исплатена плата, а од 1 јули 2008 година на 65% како и кај другите институции.

Кај средствата по основ на рамен данок извршено зголемување во однос на Буџетот зџа 2007 година и истите се испланирани во износ од 400 милиони денари.

Во однос на 2007 година ова е зголемување на 56, 67%, што се должи на првичното намалување на основицата за плаќање на придонеси. Со оваа мерка, поврзано и со хармонизација на придонесот се очекува стимулација за пријавување на работниците кои работат на црно, заживување на економските движења и во иднина се планира зголемување на приходот од придонесот од плати од причина што станува поефтино да се вработат нови луѓе, да се пријават тие што работат на црно и да се привлечат странски инвестиции што ќе поттикне нови вработувања, а тоа ќе значи зголемување на бројот на обврзници за придонес и поголем број на лица за кои се плаќа придонесот за задолжително здравствено осигурување.

Сакав да зборувам и за расходната страна, што не е помалку важна од приходната, но навистина во корист на времето и разбирањето што го покажаа другите мои колеги пратеници јас од тоа ќе се откажам, но еве тука сум спремна да одговарам на реплики и евентуално на некои прашања.

Она што сметам дека како политичар ова беа факти за кои зборував и како здравствен работник, но и како пратеник за што имам обврска. Она што би сакала како политичар да го кажам, за што можеби некои ќе се најдат засегнати, но мислам дека е правично и правилно е да кажам дека двата периоди на владеење на ВМРО-ДПМНЕ Фондот за здравство покажува значајно приближување во однос на прибирање и користење на средствата кои се слеваат во него и тоа за жал морам да признам се периоди кога Фондот не го водат доктори, туку еднаш го водеше економист, а сега го води машински инженер. Жал ми е, јас како доктор се чувствувам малку хендикепирана во тој правец, но она што сакам да кажам е дека со задоволство изразувам почит кон менаџерскиот тим на Фондот што не значи дека сите проблеми во здравството се решени. Напротив тие сеуште постојат и допрва треба да се решаваат, но сметам дека на луѓето треба да им се оддаде признае, добро проектирале буџет, добро проектирале расходи, очекувам да имаат промени, да имаат проблеми во праксата, кажавме колку забелешки зад кои стојам и сметам дека ќе треба и Владата и раководниот тим на Фондот да ги поправам, но генерално навистина како човек од здравството сум задоволна од она што го прикажаа и минатата и оваа година. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и јас госпоѓо Јаневска.

Има збор господинот Данаил Дончев, повелете.

**Данаил Дончев:** Почитувани пратеници, почитуван потпретседателе,

Народно кажано постојат четири начини на трошење пари. Првиот начин е кога сите ние трошиме сопствени пари за сопствени потреби. Најприродно е да ги трошиме на нешто што партиципираме дека е најквалитетно, најефтино и од кое добиваме најголема употребна вредност.

Втор начин е кога сопствените пари ги трошиме на некој друг. На пример кога купуваме поклони за одредени луѓе. Сосема е природно да не водиме толку сметка за тоа што добива другиот, ама сепак водиме сметка колку од сопствените пари ќе потрошиме.

Трет начин е арчење нечии други пари за сопствени потреби, а четвртиот е кога трошиме нечии други пари, за некој друг или други. Токму во овие две категории спаѓа трошењето на народните пари од Буџетот, кое во суштина е и најпроблематично. Значи во оваа рамка треба да се анализира Предлогот на Буџетот за 2008 година. Тоа не се пари на Владата, на партиите, или пратениците, туку тоа се исклучиво народни пари.

Денеска моја цел почитувани пратеници е со конструктивна дискусија да и предложам решение на Владата во подобрување на економската состојба во Република Македонија. Ќе направам анализа на макро и микро економските перфоманси во последните 12 месеци, како и анализа на Буџетот за 2008 година. Ќе говорам за три сфери - фискалната, монетарната политика, микроекономските реформи и проектите на Владата.

За фискалната политика почитувани пратеници што претставува буџет на една држава. Буџетот е трошење на пари од даночни обврзници и сите граѓани во државата кои преку плаќањата на разновидни даноци придонесуваат кон полнењето на државниот буџет. Постручно кажано Буџетот е релокација на средства од приватниот во државниот сектор заради искористување на потребите на државата, која по дефиниција ги извршува оние услуги кои што приватниот сектор не може да ги исполнува.

Е сега доаѓаме до таканаречениот рамен данок. Буџетот се полни преку даноци, а за некои од нив нашата Влада вели дека се најниски во Европа. Еве пример овде од минатата година дека имаме најниски даноци во Европа.

Ќе потсетам за минатогодишното експозе, за Буџетот на министерот за финансии Трајко Славески кој повикувајќи се на економскиот научник Адам Смит рече, цитирам “малку нешто е потребно една земја да излезе од мизерија и да тргне по патот на прогресот и богатството. Околу три работи.

Прво, мир во земјата

Второ, лесни ниски и едноставни давачки и

Третио, функционирање на правната држава”.

Во овој контекст беше спроведен рамниот данок во Македонија. При тоа мора да видиме што е ниско, што е лесно и што е едноставно со рамниот данок воведен од оваа Влада.

Дозволете да ви објаснам однапред и се извинувам ако ова звучи нескромно од моја страна.

Рамниот данок како економска наука за прв пат е формиран во кулуарите на Универзитетот Харван. Со апсолутна сигурност денеска ви тврдам дека денеска сум единствениот човек во оваа сала кој го има студирано рамниот данок и второ, по дефиниција рамен данок Република Македонија ниту имала ниту има. Ќе елаборирам зошто.

Економската дефиниција на рамен данок гласи вистинскиот рамен данок е систем на оданочување со една и единствена даночна стапка и се однесува на вкупниот приход без никакви исклучоци, без разлика дали тоа се однесува на плата на работник или нето добивка на компанија.

А како се оданочуваат примањата на работниците во Македонија? Ќе искористам два примери.

Со нето плата од 12 илјади денари...

(Некои пратеници влегуваат во салата).

Очигледно ова го привлекува вниманието на пратениците, но вистината е една и нема бегање.

Значи, ќе искористам два примери. Со нето плата од 12 илјади денари месечно и пример со нето плата од 30 илјади денари месечно.

Овие примери се малку тешки за поимање, меѓутоа ова е единствениот начин на кој може да се објасни дека Македонија нема рамен данок.

На каналот можете да видите просек на калкулација на давачки во случаи на пример кога нето плата во Македонија изнесува 12 илјади денари. И навистина се извинувам што мора да го поминам овој процес, но сметам дека е важно да сме на јасно, точно каков е даночниот режим во Македонија.

Значи според постојниот Закон се зема нето плата од 12 илјади денари и се минусира даноното ослободување од 3064 денари, при што се формира даночната основа од 8936 денари, па на оваа даночна основа се калкулира персоналниот данок преку делење со коефициент од 0,88 и помножено со 12%. Така каклулираниот персонален данок од 1918 денари се додава на нето плата од 12 илјади денари и така добиваме нешто што се нарекува бруто еден со вкупна вредност од 13.218 денари.

Потоа врз бруто еден се калкулираат разно разни придонеси и давачки кои што ги плаќа работодавачот.

Првиот е пензиско инвалидско осигурување односно 13.218, кој се дели со коефициентот 0,68, па резултатот се множи со 21,2%, што е еднакво 4121.

Втората давачка е придонесот за здравство односно 13.220 кој се дели повторно со коефициентот 0,68, па резултатот се множи со 9,2% и се е 1.788.

Третата давачка е нешто што се нарекува придонес за вработување, или 13.218 се дели со коефициентот 0,68 па резултатот се множи со 1,6% и се добива износ од 311 денари. Така бруто еден плус вкупните придонеси и давачки се собираат во нешто што се нарекува бруто два и во овој случај изнесува 19.438 денари.

Ако сето ова не е доволно се калкулира дополнителен придонес за здравство или на 19.438 се пресметува дополнително 0,5% односно 97 денари, па Фонд за води 0,12% од 19.438 односно 23 денари. И така почитувани пратеници го добиваме таканаречениот бруто 3 кој што изнесува во овој случај 19.588 денари.

И овде доаѓаме до една од најголемите фами во Македонија. Работниците чија плата е 12 илјади денари, што е приближно на просечната плата во Македонија сеуште размислуваат во рамките на нето плата. Притоа се заборава дека даноците и давачките на нивната плата кои работодавачот ги плаќа кон државата се резултат исклучиво на нивниот труд и им припѓа на нив. Значи, бруто плата е вистинската вредност на трудот, а не нето платата.

Нормално, како и во секоја држава треба да се плаќаат давачки кон државата, но прашањето е на која стапка.

Во примерот кој сега го разгледавме се гледа дека вкупните платени давачки кон Буџетот изнесуваат 7.588 на бруто плата од 19.588 или што значи дека работникот плаќа 38,7% од неговата бруто плата како давачки кон државата.

А што е тоа што беше всушност направено со најавените реформи.

Се намалија ставките со тоа што само се нарекоа персонален данок од 15 на 12%. Ги избришавме повисокте ставки од 18 и 24% кои патем речено се однесуваат само на плати далеку над просечните и тоа се нарече рамен данок со најниски стапки во Европа.

Знам примери од странски компании кои имаат дојдено овде со очекување дека даночната стапка навистина е само 12%, но кога ќе ја дознаат реалноста, реалната слика доживуваат шок. Наместо рамен данок или терен, како што е во рекламата наоѓаат тумби и ридки. Се прашувам од примерот што го дадов што е лесно, што е ниско и едноставно како што би рекол Адам Смит. Ви тврдам почитувани пратеници начинот на калкулација на даноци на плати во Македонија е меѓу најкомплицираните и најсложените во Европа. Не сакам овде да кажам дека ова е вина на оваа Влада, ова е наследен механизам со години наназад но заслужува вистинско внимание ако сакаме да зборуваме за вистински даночни реформи.

Парадоксот да биде уште поголем кога ќе се земат предвид математичкиот начин на калкулација на даноците на плати. Излегува по случајот во Македонија дека колку е повисока платата или нето платата толку е поголема ставката на вкупни давачки. Како пример да земеме случај кога нето платата би била 30 илјади денари месечно.

Следејќи ја истата методологија, калкулација се гледа дека вкупните платени давачки кон Буџетот

изнесуваат 19.826 денари на бруто плата од 49.826 денари, што значи стапката на вкупни давачки изнесува 39,8%, што е различна од стапката на вкупните давачки кога би била 12 илјади.

Значи, што е рамно во овој даночен режим. Ви тврдам почитувани пратеници дека ова е само мал број на можни калкулации и пермутации во калкулациите на вкупните давачки зависно од нивото на нето платата.

Уште еднаш, не сакам да ја обвинувам постоечката Влада за овој даночен систем, бидејќи е наследен со години наназад. Ја охрабрувам Владата навистина да преземе мерки за вистински реформи во сферата на даноците кон државата кои се однесуваат на платите и примањата на вработените.

Се налага прашањето што би бил вистински рамен данок.

Тргнувајќи од дефиницијата што претходно ја кажав калкулација на рамен данок по школски пример би рекол би личел нешто вака, рамниот данок се имплементира на бруто платата со единствена стапка без исклучок.

Значи, да претпоставиме дека идеална даночна стапка, рамен данок во Република Македонија би бил 25%, според мои проценки тоа би била и некаква идеална стапка под идеални услови.

Ако бруто платата изнесува 19.588, како во првиот пример, рамниот данок од 25% би изнесувал само 4.987, како месечна плата останува 14.691 денар.

Во вторито пример, како што може да видите, каде бруто платата е 49.826 денари месечно, рамниот данок би изнесувал 12.456, што значи нето плата би била 37,370. Највероватно Адам Смит мислел на нешто вакво кога кажал дека на една земја и се потребни лесни, ниски и едноставни даноци. Треба да имаме храброст, знаење и волја да направиме ваква вистинска даночна реформа, наместо досегашните шминки кои се нарекуваат даночни реформи. Тоа би значело дека во графите на секој, моментално 450 илјади легално вработени во Македонија би имале  во просек околу 50 евра месечно зголемување на нивната плата, без притоа да бидат зголемени плаќањата на работодавачите за  ниту еден денар повеќе. Нормално, тоа би претставувало тектонска промена во самиот Буџет, во која сега не сакам да навлегувам и би значело иницијална дупка во буџетските приходи од најмалку 200 милиони евра годишно. Но до колку има политичка волја може да се рационализира трошењето на народните пари и наместо континуирано да се фалиме дека сме го зголемиле Буџетот, треба да го намалиме. Така најевиксано парите кои припаѓаат на народот би ги ставиле во неговите џебови. Тоа меѓу другото би значело и зголемување на економската потрошувачка во државата, коај би придонела значајно да бидат подобрени резултатите во реалната економија, после неколку години. За таква тектонска реформа треба волја и храброст која во овој момент можеби звучи како научна фантастика, но ве убедувам дека ќе дојде ден кога Република Македонија мора да се зафати со вистински и суштински реформи во даночниот систем. Посакувам да се започне со размислување во овој правец каде навистина можеме да дебатираме и да размислуваме за суштински реформи во даночниот систем за 2009 година.

Сега би сакал да зборувам за трговскиот дефицит, бидејќи тоа залужува посебно внимание и според мене е еден од најголемите структурни промени и економска закана со која Република Македонија денес се соочува.

Како што можете да видите, графиконот покажува алармантно зголемување на трговскиот дефицит на Република Македонија од 1999 година  до денес.

Ако во 1993 година тоа изнесува 495 милиони долари, во 2000 година 690 милиони долари и т.н. можеме да видиме дека во 2006 година трговскиот дефицит постигнал црн рекорд и скокнал на алармантна сума од 1.284.000.000 денари. За првите три квартали од 2007 година изнесува 857 милиони доалри, а целогодишниот дефицит највероватно ќе биде сличен како и претходната година.

Дами и господа, трговскиот дефицит претставува речиси 18% од БДП на Република Македонија. Ве уверувам,можете да најдете многу мал број на земји во светот каде трговскиот дефицит изнесува над 10% од БДП во светот, земји со многу помал процент на трговскиот дефицит имаат доживеано огромни девалвации на нивните валути. Најсвеж пример за тоа е американскиот долар кој како валута во последните неколку години доживеа девалвација од цели 30%. Притоа, трговскиот дефицит на САД е само 8% од сопствениот БДП. Затоа се поставува прашањето, што е тоа што ја држи стабилна македонската валута цели 10 години и покрај нашиот огромен трговски дефицит. Одговорот е од трансферите што Република Македонија го  добива од надвор и кои влегуваат во државата преку банкарскито систем, или во форма на готовина, или преку менувачниците.

На графиконот исто така можете да видите дека овие трансфери изнесуваат 463 милиони долари во 1993 година, 609 милиони долари до 2000 година па се до 1.237.000.000 долари во 2006 година.

Во првите 9 месеци од 2007 година тие трансфери изнесуваат 1.094.000,000 долари. За прв пат се поголеми од самиот трговски дефицит. Дали Владата или било кој друг во оваа држава заслужува пофалба за ова.

Што всушност претставуваат овие трансфери. Овие трансфери генерално се делат во три категории.

Првата категорија се девизи кои се на иселениците кои претежно живеат во САД, Канада, Европа и Австралија и ги праќаат како

помош на нивните роднини во Република Македонија.

Втората категорија се девизи кои нашите иселеници ги трошат овде при нивниот годишен одмор. Според некои проценки таа бројка е над 10 илјади фамилии кои годишно на одреден период се враќаат во државата.

Третата категорија која е најалармантна, се трансферите од надвор, од луѓето кои во текот на годината како сезонци одат на привремена работа во разни европски земји, а во последно време слушам дури и во Црна Гора. Во Црна Горав, ве молам. Парите што ги заработуваат таму ги враќаат назад во Република Македонија и со тие пари преживуваат во останатиот дел од годината.

Овие пари што ги набројав се крвотокот на македонската економија и без нив Република Македонија буквално би колабирала преку ноќ. Ни една влада, ни сегашната, ни минатите, не можат да се гордее со овие податоци. Напротив, треба да се срамуваме затоа што македонскиот граѓанин е доведен до таков питачки стап и мора својата егзистенција да ја бара надвор од Република Македонија, по сопствена иницијатива. Значи, тоа, дами и господа е рецепт за опстанок, но никако и никогаш нема да биде рецепт за напредок, а основните причини зошто Република Македонија има основен трговски дефицит се: неконкурентноста на домашните производи,како и вредноста на македонската валута споредена со другите светски валути. Тоа е резултат на монетарната политика на Република Македонија во претходните 15 години, за која исто така ќе проговорам.

Монетарната политика по дефиниција значи користење на количината на пари што Централната банка преку разни механизми, или ги пушта или го повлекува од оптек. Целта е, во зависност од потребата да биде зголемена економската активност или обратно, да биде намалена. Тоа е најчесто во момент кога постои ризик од загревање на економијата и при утврдување н акаматната стапка во државата преку која меѓу другото се контролира и стапката на инфлација. Но кога една држава ќе ја фиксира својата валута спрема друга валута, како што Република Македонија веќе преку 10 години го фиксира курсот на денарот спрема курсот на еврото, тоа значи дека државата дефакто се откажува од сопствената монетарна политика, како инструмент за влијание на економските текови, бидејки единствената цел е да биде задржан фиксираниот курс на валутата, покрај која се контролира и инфлацијата. Во ваква ситуација каматната стапка во државата исклучиво зависи од нивото на штедење на граѓаните, како и нивото на приливи на странски девизи во државата. Затоа ми е многу смешно кога во Парламентот слушам дебати дека Владата на СДСМ ја намалила каматната стапка, или како што сега слушаме дека преку влез на странски банки ќе се намалила каматната стапка во Република Македонија. Повторувам, во отсуство на користење на монитарна политика, каматната стапка исклучиво зависи од штедењето и од приливот на странски девизи. Македонија ја следи оваа стерилна монетарна политика преку 10 години, а економските резултати се овие што се, ниту подобри, ниту полоши туку стихијни. Алармантното зголемување на трговскипт дефицит е резултат на оваа стерилна и веќе штетна монетарна политика.

Почитуван министре, во вашето експозе за Буџетот за 2008 година, вие спомнавте ниска ставка на општа инфлација во Република Македонија од 1,9%, во периодот јануари-ноември 2007 година. Ве цитирам - тоа е пониска ставка на инфлацијата во нашата земја, споредена со регионот.

Министре, не само што стапката на инфлација во нашата земја во 2007 година е пониска од таа во Европската унија и спрема чија валута, еврото, е фиксиран нашиот денар, туку инфлацијата во Република Македонија е поинска во континуитет, во последните 8 години. Кога ќе стигнете да студирате економија на највисоко ниво, економската наука во суштина се сведува на математика и тоа алгебра и деиференцијали. Алгебарската равенка која го објаснува реалниот курс на една валута, значи реалниот, не номиналниот е следна: реалната валута е еднаква на номиналната помножена со стапката на домашната инфлација и поделена со стпката на инфлација на валутата спрема која е фиксирана нашата валута.

Имајки предвид дека инфлацијата во Република Македонија во последните 8 години е континуирано пониска од таа во Европската унија, произлегува фактот дека номиналната валута од 61 денар спрема еврото, реално, значи реалната валута е поблиску до 50 денари по евро. Овој факт заедно со неконкурентноста на нашите производи објаснува зошто нашиот трговски дефицит континуирано расте во последните 10 години. Самата монетарна политика не мотивира да купуваме реално поефтини европски производи.

За парадоксот да биде уште погоелм, во последните неколку години денарот доживеа апрецијацција од преку 30% спрема америкасниот долар однсоно спрема резервната светска валута. Дали тоа значи, дами и господа дека македонската економија е појака од американската и дали тоа ги прави нашите производи поконкурентни спрема тие од САД.

Време е, дами и господа, за една сериозна, не политичка, туку економска дебата и анализа на монетарната политика во Република Македонија,исклучиво со цел да ја подобриме нашата конкурентност и да го најдеме нашето реално место визави меѓуанродниот финансиски сектор.

На крај дозволете ми да кажамнеколку збора окоу микроекономските реформи и проекти на Валдата.

Може многу да се зборува за микроекономските реформи и проекти на Валдата,но ќе се задржам на две клуни работи. Прво напорите на Валдата за привлекување странски инвестиции и второ дебаклот околу обидот за продажба на ТЕЦ Неготино.

Во напорите за привлекување на странски инвестиции, може да се каже дека оваа Влада посвети доста внимание и презеде доста мерки за да ги привлече странците да инвестираат. Како никогаш до сега имаме двајца минситри без ресор, разни агенции, разно разни кампањи и огласи по странски весници, за привлекување на странски инвеститори. Сепак прашање е кои од овие мерки на Владата се добри, а кои претставуваат нерационално трошење на буџетските средства. Постојат претпоставки дека се потрошени милиони евра во меѓународни медиуми за кампањата - Инвестирајте во Македонија. Постои ли овде трошење на нечии пари за лична промоција? Ако привлеквуањето на странски инвестиции зависи од трошење на големи пари во разно разни странски медиуми, тогаш бидете сигурни дека има голем број на земји во светот кои можеби по глава на жител се посиромашни од Република Македонија, но има повеќе пари во нивната државна каса, па и тие би можеле да го користат истиот механизам за привлекување на странски инвеститори. Впрочем нашите резултати покажуваат дека сепак овие кампањи се екстремно прескапи. Како што покажуваат официјалните бројки, може да се види дека оваа година во првите 9 месеци Република Македонија има добиено 71 милион долари диреkни странски инвестиции, или половина од годишниот просек постигнат во последните 8 години.

Како што може да се види од графиконот , од бројкит екои како што спомна потекнуваат од официјалната статистикана НБМ, двете најуспешни години до сега, од аспект на привлекување на диреkни странски инвестиции, беа деливи првата година со 430 милиони долари и деливи шестата година со 373 милиони долари. За жал и покрај сите напори во 2007 година до сега е меќу најслабите години од аспект на прилив на диреkни странски инвестиции.

Кога Валдата зборува за успесите на ова поле спомнува Џионсон Контролс, влезот на Сосиете Женерал, мобилнио топератор ВИП и т.н

За Џонсон Контролс гледаме кој од каде се бореа да го зема ткредитот,кој бил најуспешен за неговото донесување во Република Македонија. Впрочем Џонсон Контролс самите кажаа кој е најзаслужен за неговиот влез во Република Македонија,посочувајки го господинот Ристо Гуштеров. Иако е позитивна работа, сепак Џонсон Контролс претставува премал дел од она што е неопходно за Република Македонија на поелто на странски инвестиции. И со Сосиете Женерал е позитивна работа, но мора да бидеме свесни дека претставува само фианнсиска инвестиција или трансфер на сопственост на Охридска банка и туак државата добива минимално од аспект на реални инвестиции во БДП. На Република Македонија и се потребни многу повеќе инвестиции од типот на Џонсон Контролс кои претставуваат реално зголемување на БДП, за разлика од финансиските инвестиции кои претставуваат смао трансфер на сопственост и прилив на девизи. За жал, до сега немаме спектакуларни резултати, барем оваа година, но надежта е дека резултатите ќе бидат подобри во годините што доаѓаат.

На крај, почитувани пратеници дозволете ми д а обрнам внимание на обидот на продажба на ТЕЦ Неготино. Нема да го потенцирам тендерот или процесот на тендерската постапка при обидот на продажба, туку сакам да ја охрабрам Валдата да почне да размислува во правец што може да донесе значителна вредност за Република Македонија. Сите сме свесни дека нивото на странски инвестиции во Република Македонија е очајнички ниско во последните 17 години. Меѓутиа, при обидот за продажба на ТЕЦ Неготино се случи навистина нешто чудно. На овој тендер се јавија 16 заинтересирани компании меѓу кои и светски гиганти од енергетскито сектор, што е без преседан за Република Македонија. Меѓу нив беше и Грчкото Електростопанство преку фирмата ќерка СЕНКАП, кое жестоко се бореше да го купи ТЕЦ Неготино. Зошто,од каде одеднаш толку интерес за инвестирање во Република Македонија. Ќе објаснам со економска логика.

ТЕЦ Неготино поседува два блока со капацитт од по 110 мегавати за производство на струја, а еден блок моментално дури и не работи. ТЕЦ Неготино произведува струја исклучиво намазут.

Ако во моментот цената на барел нафта е приближно 100 долари, производствената цена по мегават час струја на ТЕЦ Неготино е речиси 70 евра.Тоа е приблично исто на сегашната пазарна цена на увоз на струја односно ТЕЦ Неготино е на прагот на рентабилност. Значи постоечкиот фианнсиски птенцијал за ТЕЦ Неготино не објаснува зошто 16 компании би биле заинтересиранид а го купат ТЕЦ Неготино. Повторно ќе го псотавам прашањето и ќе го посочам како пример за заионтересираноста на грчкото Електростопанство за купување на истото. Зошто Грците би биле заинтересирани.

Зошто Грците би биле заинтересирани да вло жат најмалку 400 милиони евра во Македонија, а не во самата Грција. Дали ја сака оваа инвестиција од великодушност, се разбира не.

Одговорот лежи во тоа што заедно со продажбата на постоечките капацитети, Владата издаваше лиценца да се изгради нов капацитет под најмалку 300 мегавати кој би работел или на плин или на јаглен. Грција како потписник на КЈ-ото протоколот минатата година плати преку 50 милиони евра казна за вишок емисии на јаглен двооксид. Речиси е невозможно било која кампања денес да добие лиценца да изгради термоелектрана во Грција која придонесува за

зголемување на емисијата на јаглен двооксид. А, Македонија која е далеку под квотите кои на неа и се доделени за емисија на гасови КЈ-ото протоколот, го има тој луксуз да гради ваква термоцентрала. Дали сме свесни за економската рентабилност на една термоцентрала од 300 мегавати, која би работела на висококалоричен јаглен увесен од земјите кои го поседуваат, на пример, јужна Африка, Индонезија или Австралија. Еве ја математиката на заинтересираните гиганти кои беа спремни да го откупат ТЕЦ Неготино. Изградбата на капацитетот од 300 мегавати кој би работел на јаглен би чинел околу 400 милиони евра, до моментот на започнување на производството на струја. Од тој момент ваквата термоцентрала би произведувала по 300 мегавати на час, 24 часа на ден, минимум 330 дена годишно и целото производство, според правилата на тендерот кој беше објавен би можело да се продава по Европска пазарна цена на струја и дома и во странство. Цената моментално изнесува 75 евра по мегават час а во одредени моменти или шпицови во зимата или во летото цената знае да скокне и до 130 евра по мегават час. Значи, ваквиот производствен капацитет би остварувал минимум приходи од продажба од 180 милиони евра годишно. Повторувам, 180 милиони евра годишно. По калкулирање на сите трошоци на производството нето профитната маргина е фантастични 40%. Или годишно од ваков капацитет би останувало околу 80 милиони евра чист профит. Верувам дека сега, почитувани пратеници, ви е јасно зошто имаше толкав интерес да се купи ТЕЦ Неготино. Сакам да ја охрабрам Владата да размислува во насока на продажбата ТЕЦ Неготино во форма на јавно приватно партнерство, при што државата би задржала најмалку 33% од сопственоста. Ова мо же да се направи со минимален финансиски блок од страна на државата, затоа што ќе го дадеме постоечкиот капацитет, земјиштето и што е најважно правото да се изгради нов капацитет од 300 мегавати како огромна капитална вредност, имајќи ја предвид нашата можност за емисија на јаглен двооксид. Вака, перманентно секоја година би оствариле чист прилив во Буџетот од минимум 25 милиони евра, наместо да се тапкаме по гради за 60 милиони евра, што беа еднократно понудени, за продажбата на ТЕЦ Неготино. Ваков проект за минимални пари да оствуваме економски проифит на долги стази, не прочитав во Буџетот заз 2008 година.

Почитувани пратеници, да сумирам, навистина имаше позитивни тенденции во економијата во 2007 година. Но, покрај се фискалната политика и монетарната политика, како и микроекономските реформи и проекции на Владата за 2008 година сепак на мене ми наликуваат на статуско односно како пред тоа, така и по тоа. Зза жал, ова значи, дека не може да очекуваме драстично подобри економски резултати во 2008 година од тоа што беше во 2007 година. Се надевам дека Владата ќе биде многу похрабра во 2008 година за преземање на некои вистински реформи кои и се потребни на Македонија. Обврска на сите нас, почитувани пратеници, е да придонесеме да се подобри економската состојба и да се намали најболната точка, најболната ситуација во Македонија, а тоа е невработеноста. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас господине Дончев.

Реплика има министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе.

Може и со з бор, меѓутоа во интерес на времето во духот на она што сите го посакуваме, една кратка реплика за макроекономските забелешки, а за микроекономските нема да имам време.

Господине Дончев, во интерес на пратениците и на гледачите да спомнам дека вие мешате даноци и придонеси. Вашиот пример не е коректен, затоа што не се однесува на даноците. Ние зборуваме за најниски даноци во Европа. Придонесите си имаат сопствена функција, иако во англискиот јазик некаде се нарекуваат контебјушенс, некаде пејролтаксист, првото како придонеси или пак даноци на плати. Овој пример ви е некоректен, но јас ја поздравувам идејата и размислувањата дека и она што вчера го најавивме дека од 2008 година, Владата на Република Македонија сериозно ќе се зафати, на тој пат сме, за премин кон концептот на бруто плата. Тоа го поддржувам, затоа што кај придонесите имаме давачки за кои што знаеме што добиваме. Добиваме здравствена заштита, добиваме пензии. Пензискиот систем функционира, барем за лицата кои што се во овој систем на тековна исплата врз основа на тоа колку придонесувате. Што повеќе придонесувате по платата, толку може да биде поголема пензијата итн.

Во врска со трговскиот дефицит, постои дебата во јавноста, особено медиумите ја пласираат оваа тема, не е добро една земја да има трговски дефицит, но споредбата со САД е некоректна, затоа што САД е земја која што разменува само 10% од својот бруто домашен производ. САД е во голема мера само доволна економија. Република Македонија е мала и отворена економија. Оттука, е сосема нормално и како земја која што е како нето примател на директни странски инвестиции и на други трансфери да има и повисок трговски дефицит. Трговскиот дефицит, ве уверувам, е фатаморгана онака како што ние го прикажуваме. И, не се согласувам дека треба да застанеме на листата која што вие ја наведовте. Ова го спомнувам не од стручна гледна точка, затоа што има и политички импликации она што го говоревте за изборот на таканаречените трансфери. Не се се тоа трансфери.

Почитуван господине Дончев, имаме проблем со статистиката на платниот биланс. Наредната година, еве од тука сакам да порачам Министертвото за финансии, Народна банка срого ќе го применуваат законот за девизно работење. Ние уште од некогашна Југославија

толерираме систем на паралелна валута. Господине Дончев вечерва вие во било кој ресторан во Скопје, ако за вечера сакате да платите во Евра, нема да ве одбијат. Тие прават прекршок. Што сакам со ова да кажам? Голем дел од нашиот износ на услуги долж границата со Грција не трансфер, тоа е извоз кој што не е регистриран. Грците плаќаат со евра. Тие евра се јавуваат подоцна во менувачниците.

И, за монетарната политика, фикс идеја е мала и отворена економија да води автономна монетарна политика. Само да ве потсетам, Франција, Австрија, Холандија по 20 години ги имаат врзано своите валути за Германската марка.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Конра реплика има господинот Данаил Дончев, повелете.

**Данаил Дончев:** Жал ми е што немаме прилики почесто да дискутираме на ваков начин, бидејќи во вашите три минути ниту можете да реплицирате на мене соодветно, ниту јас во една минута можам да контрареплицирам на тоа што вие го кажав те. Меѓутоа, прво, мешање на даноци и придонеси. Министре, од аспект на работодавец кажете што сакате, се е данок. Дали вие ќе го наречете придонес за тоа, придонес за она, се е данок. А, тоа што кажавте здравствена заштита и пензии, тоа сепак е категорија на внатре буџетска распределба. Вие во крајна линија можете да го зголемите процентот на ват, и од самиот ДДВ да го финансирате здравствениот систем и ако тоа го решите не мора да значи дека здравствениот систем се деференцира. Споредбата со САД, само сакав да кажам од аспект на депресијацијата кога една земја има висок трговски дефицит, а тоа што го добиваме како трансфери е во суштина извоз, тоа ниту вие можете да го утврдите со сигурост, ниту јас. Но, ако веќе има и ако таа сума е значајна, тогаш во прашање е контролата.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Дончев.

Збор има господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина по една ваква исцрпна анализа и излагање, ние кои не сме економисти и тешко ни е да дебатираме во однос на оваа тема, но нашите забелешки треба да ги искажеме во однос на Предлог буџетот, се разбира да ги дадеме во интерес на нашите граѓани бидејќи и затоа сме овде. Тоа што може да се уочи е дека распределбата на средствата од овој буџет кој е пред нас, не се прави една распределба на правилен начин. Не се прави на правичен начин, бидејќи се уочува во Западна Македонија дека немаме ниту една капиталн а инвестиција, а не е само оваа година во однос на капиталните инвестиции. Во овој дел од земјата и минатата година исто така немавме некоја капитална инвестиција. Тоа не значи дека во тој дел од нашава земја се е во ред и нема потреба за капитални инвестиции. Напротив, мислам дека во иднина секако дека сите природни ресурси кои ги нуди овој дел треба да се искористат и да се инвестира за да имаме еден економски подобар развој. Јас велам дека, а ќе ја спомнам слободната економска зона која се рекламира долго време од актуелнава Влада. Велам се рекламира дека еве и во близина на Тетово ќе имаме слободна економска зона итн. Но, велам за чудо кога е во прашање овој дел од земјата не се доделуваат средства или за слободната економска зона не се предвидени финансиски средства во однос на инвестициите за оваа слободна економска зона. Значи, во близина на Тетово како што се вели каде што е определена оваа економска слободна зона.

Исто така, можам да забележам во овој Предлог буџет е тоа дека институциите кои се раководат од припадниците на актуелното мнозинство им се зголемуваат средствата во тие институции, додека во други институции каде што назначувањата не ги прави оваа Влада, напротив, нивниот буџет се намалува, што не е добро. Тоа од причина што велам и тие кои се раководат од мнозинството и тие кои не се раководат од ова мнозинство се институции на земјава и секако граѓаните плаќаат свои придонеси и на еднаков рамноправен начин да се направи и распределбата на средствата кога се во прашање државните институции, независно кој е на чело на тие институции. Исто така, се говори за имплементација на Охридскиот рамковен договор, но за жал велам не се доделени средства колку што треба за имплементацијата на овој договор. Јас ќе го спомнам тоа дека во многу општини во Република Македонија, каде припадниците на етничките заедници се над 20% и нивниот јазик е службен јазик, не се доделени средства. Навистина, законот за локална самоуправа или таа уставна обврска во општините каде што се над 20%припадниците на етничките заедници, нивниот јазик да биде службен јазик и се разбира документите на припадниците да им се дадат на нивен мајчин јазик. Овде мо же да ги исклучам општините раководени од гр адоначалниците на ДУИ, како што е Гостивар, Тетово, само во тие општини се имплементира Охридскиот договор. Велам се имплементира и документите се издаваат и на јазикот на етничките заедници кои или 20%, а и кои не се со 20% во овие општини. Ако треба можам да ви ја спомнам општина Крушево, општина Долнени и други општини каде Албанците се над 20%, но тие нивните документи не ги добиваат на нивен мајчин јазик од причина што образложението на овие градоначалници е тоа дека немаат доволно средства. Но, општините кои не можат да ги обезбедат овие средства за да вработат припадници на етничките заедници, тогаш обврска е на Централната власт во овие општини да инвестира. Значи, постојните закони да се спроведат. Исто така, ќе спомнам една инвестиција која требаше да се случи во минатата година, но и во оваа година, меѓутоа не

се реализира патниот правец Маврово - Дебар, кој е од интерес на Република Македонија да се прошири овој патен правец, затоа што поврзува две држави и таа делница има поголема тежина од врзување на две држави. Велам, било од економски, политички и друг аспект. Мислам дека во иднина, посебно во овој патен правец треба да се инвестира од многу причини, па мислам дека во идните буџети, доколку е актуелнава Влада ќе направи исправки или нема да ги прави грешките кои ги направи со овој Буџет за 2008 година. Се говори за еден подобар стандард во Република Македонија, а јас искрено ви велам, им велам на претставниците на Владата нека се симнат долу кај населението и да разговараат со земјоделците, да разговааат со сточарите, да разговараат и со администрацијата во земјава, да разговараат со пензионерите и обичните граѓани. Дали имаат подобар стандард, дали имаат подобар живот или се случува спротивното. Најмалку со тие со кои јас контактирам ми го велат спротивното. Велат дека ми го велат спротивното затоа што цените се високи, додека нивните плати останале приближно на место или има еден минимален пораст на нивните плати. Тоа значи дека платите не го следат трендот на порастот на цените. Тука е тоа што обичниот граѓанин или економијата на едно семејство, зависи каков живот ќе имаат. Дали ќе имаат подобар живот или полош живот. Или потежок живот. Сигурно дека минисрите кога излегуваат надвор од земјава не одат да седат само по хотели, со себе имаат и придружници кои ги придружуваат. Добро е во Европска унија да излезат и да видат во нивните пазари кои се тамошните цени на прехранбените артикли, било во Геранија, Франција итн. и ќе видат дека во Германија  еден литар масло чини поефтино отколку во Република Македонија и многу други прехранбени артикли кои требаат на едно семејство се поефтини, отколку кај нас.

Така што и во оваа насока верувам дека во иднина и оваа Влада и сите ние треба не само да говориме туку навистина да преземеме чекори во оваа насока, велам во однос на подобрувањето на животниот стандард на обичните граѓани. Затоа што сите знаеме дека овде кај нас имаме две класи или две категории на граѓани една класа збогатена како што е збогатена и има доста добар живот, но имаме и една класа или слој или категорија која процентуално е многу поголема од слојот на граѓани која е привилегирана класа во нашето општество. И за жал немаме една средна класа или среден слој кој ќе има еден среден стандард. Овој слој или класа или категорија на жители во Република Македонија може да се набројат на прсти и имајќи ги предвид овие параметри и податоци мислам дека во иднина нема место да се фалиме и да се рекламираме и да трошиме средства таму каде што не треба да се трошат и да го лажеме нашето население со ветувања секогаш дека во иднина ќе биде подобро.

Затоа што е крајно време ние како претставници на народот и се разбира ние кои го бараме нивниот глас дека не треба само да размислуваме туку треба и да превземеме мерки во оваа насока Македонија дефинитивно да биде атрактивно место за инвестиции било од нашите иселеници кои работат надвор од земава и од странски бизнисмени. Затоа што во спротивно мислам дека и времето на ветувања брзо ќе заврши и сигурно дека тогаш сите ние ќе се најдеме во една неповолна состојба. Ви Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Алити.

Господине Матоши вие за реплика.

Повелете има реплика господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Благодарам господине потпретседател.

Со внимание го ислушав колегата кој се обиде да говори за некои теми, меѓутоа јас верувам дека и тој се согласува дека хаосот што го имавме во распределбата на Буџетот каде Албанците беа оставани настрана и не беа користници на Буџетот во сите негови сегменти ДПА во оваа насока прави многу. Ова го поткрепувам со факти и аргументи.

Нашата платформа е Албанците да се институционализираат тука и тоа преку засновање на институции со што ќе станеме буџетски користници во многу општински сегменти тука во Република Македонија. Како што вие знаете почитувани господа, ние основавме неколку институции кои што ги немаа Албанците од самото создавање на оваа држава. Тоа значи многу за нас, меѓутоа овие институции не треба да останат така, тие треба да се развијат и да станат буџетски корисници. Што се однесува до капиталните инвестиции ние во Буџетот 2007 година требаше да конкретизираме некои проекти меѓутоа тие беа засегнати од некои работи, вие знаете дека во една капитална инвестиција од многу милиони евра знаете дека еден таков проект е проектот за водоснабдување на Тетово и тој во 2007 беше изреализиран само до 18%. Фирмата за реализација беше избрана од градоначалникот на Тетово и заради неги и заради негово недоволно внимание имаме неуспех на еден проект што е многу потребен на граѓаните на Тетово.

Знаете и за еден друг многу значаен проект за нас, тоа е библиотеката во Тетово, кој што беше попречен повторно од оваа личност. Но, ние ќе продолжиме така со основање на институции, со реализација и капитални инвестиции ширум целата територија. Како што знаете со овој Буџет е опфатена и економската зона исто така и гасоводот кој што треба да стигне до Гостивар и тоа е нешто позитивно за тој регион. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Матоши.

Контра реплика има господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Навистина би сакал да биде реалноста така како што вели господинот Матоши, но работите не се такви, за жал, не се такви.

Би сакал да има капитални инвестиции во Македонија во Западна Македонија и тоа не само за Албанците тука за сите жители од таа страна, бидејќи таму не живеат само Албанците.

Јас ќе ве потсетам господине Матоши, дека ние кога дојдовме на власт било на централната или локалната вие Тетово го имавте претворено во едно големо село, можеби едно од најголемите села во Македонија. А со инвестицииите кој што ги направи токму Владата во текот на нашиот мандат во Тетово, денеска Тетово изгледа како една метропола.

Што се однесува до проектот за водоснабдувањето што го спомнувате неколку пати, треба да ги имате предвид работите што се прават во централната власт, затоа што средствата во таа фирма која што ја спомнувате неколку пати не биле пуштени на време, туку биле пуштани со задоцнување од три месеци. Значи тоа е една опструкција со цел таа фирма да не може да го реализира проектот и да му се одземат средствата.

**Бесим Догани:** Повелете.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, господине минстре, почитувани колеги.

Ние денес расправаме за Буџетот на Републиката, на нашата држава за 2008 година би рекол во квалитетно поинакви услови отколку што сме расправале за буџетите во повеќе години наназад. Ние, како што ги гледам податоците за прв пат завршуваме една година каде растот на економијата во Македонија не заостанува зад растот на економиите во соседнте земји и регионот. Дури може и да се очекува нешто малку да префрли над тој просек. Таква е проценката барем на Владата дека ќе биде и догодина.

Тоа само значи дека ние овие две години 2007 и 2008 можеме да се надеваме дека сме го запреле релативното заостанување во регионот зад другите земји и сме почнале малку да ја намалуваме таа разлика која во меѓувреме во одие последни десетина години беше создадена. Тоа мора да не радува сите нас и не треба да го омаловажуваме на било каков начин.

Меѓутоа треба да се запрашаме кои се факторите што го овозможија ова. Факторите што го овозможија ова пред се е извозот. Изовозот има динамичен раст и тој повлече и пораст на целиот економски раст во државата.

Треба сега да се обрне внимание колку долго може тој раст на извозот да се одржи како стапка, како динамика, заради тоа што прашање е бидејќи од 35% од извозот се металите, основните метали, дали можеме ние да обезбедиме раст на тие метали. Цените фактички на металите скокнаа многу високи и тоа е многу поволна ситуација за Македонија.

Ние имаме, заради порастот на извозот и намалување на една друга диспорпорција. Точно е тоа, можеби дефицитот на платниот биланс ќе биде како и во 2006 година на крајот, дефицитот на трговскиот биланс, како што беше на крајот на 2006 и сега на крајот на 2007 година. Меѓутоа, не расте, а општиот обем на размена со странство битно пораснува и затоа е факт дека Македонија оваа година ќе ја заврши со зголемување на степенот на покривање на узозот со извоз. Тоа е втор значаен фатк и тоа треба да го знаеме.

И сега многу значајно колку долго ова може да се задржи, меѓутоа пак сакам да кажам некои работи дека остануваат и подолгорочно кај нас.

Укажувањата на господинот Дончов имаат реална вредност, ние сеедно што нашата терминологија нема сосема да се поудара со она што тој го вели, меѓутоа факт е дека нашиот фискален систем вклучувајќи и прибирање на Фондот за пензиско и здравствено осигурување придонеси, се се тоа давачки врзани за трудот и многу е тешко да се искалкулира и многу е тешко да таа наша фискална постпака да се растолкува. За странците тоа е сложена работа, има многу подзаконски акти, кои потоа ги усложнува работите, потоа да кажам така неприкосновеноста на нашите фискални државни органи, кај спорните случаи едноставно ги прибираат приходите, а судската одлука после ќе се префрли на некоја друга Влада, па таа ќе ги враќа долговите итн, тоа таква храброст кај фискалните органи предизвикувз несигурност кај вложувачите. И затоа и тоа е еден од проблемите.

Проблем е и долгорочноста на растот на нашиот извоз како ќе биде. Ние немаме прилив на нова технологија и освојување на нови области на нашиот извоз. Се уште заостанува тоа. Областа на енергетиката засега е недоволно истражена и имаме адхок потези кои не сме сигурни каде ќе не однесат и што резултат ќе дадат на крајна линија. Нормално е тоа така, бидејќи имаме зад нас едно подолго минато кога не сме работеле на една развиена создадена концепција. Затоа сега мислам дека се многу важни пораки кои можеме да ги извлечеме па дури и од ова излагање на господин Дончев.

Важните економски одлуки, важните економски определби во Македонија треба да се одвојат од тековната полиитка, од тековната пропагандна политика и трговната пропаганда, тие ни присилуваат, ако така врзани се тие состојби нас не присилува да бидеме слуги на дневните интереси и да не можеме трајно да се определиме како земјата долго ќе ја држиме на една линија на вистински економски раст и како ќе излеземе од кругот на сиромаштијата и како не само да дадеме економска стабилност туку една сигурност и на домашните инвеститори овде.

За таа работа, по мое мислење се потребни покрај се друго вистински да се развие социјалниот дијалог, да се стабилизират чинителите што ја прават калкулацијата

интересите на бизнис заедницата, синдикатите, социјалниот партнер и Владата. И покрај тоа да почнат независни финансиски институции и институти економски да никнуваат кои нема да живеат од дневните интереси на владеачката партија која фактички ќе ги финансира само такви проекти кои ќе го фалат тековниот резултат, туку ние мора да знаеме долгорочно што ќе правиме со енергијата, за сега не знаеме, што ќе правиме со екологијата, не знамеме дали нас нема да ни се загади земјиштето па ни за себе да немаме доволно храна, а не да извезуваме здрава храна, за тоа треба многу да се внимава, што ќе правиме со водата и како водата ќе ја економисуваме, како ќе живееме, ограничени се ресурсите на водата се и како ќе дадеме правна сигурност на странскиот инвеститор да знае да дејде овде и да инвестира.

Тиа сите работи по мое мислење ние се разликуваме од Словенците меѓу другото што тие во областа на економијата немат колебања. Политиката се колеба кон други прашања, не по генералната линија во економијата во стратегијата економска. Околу тоа не се колеба, затоа тие и задржаа таков брз развој, затоа Словенија е веќе дури и пред некои стари членки во Европската унија во економскиот развој.

Потребно е да се создаде атмосфера каде во мир и внимателно, луѓе како Дончев и како министерор и како други луѓе, ќе можат да разменуваат мислење слободно долго пред јавноста пред секого кој е заинтересиран каде ќе се охрабрат и други луѓе да доаѓат и да ги претресуваат тие темелни основи и тоа да не биде да речеме во функција на јакнење на политичката позиција на оваа или онаа партија. Економијата припаѓа на целата земја. Не се знае, не се познава, да речеме кога ќе влезете во некој ресторан кога ќе порачате и ќе платите, парата нема боја и тоа што го продаваат ако го рангираат према тоа политичкото расположение како ви е, ќе дојде ситуација негде да ве остават гладен. Така да тоа веќе луѓето во бизнисто добор го сфатија и го разбират и ние треба малку да ги оладиме состојбите во земјата, да создадеме услов на брз економски развој, а може оваа година 2007 и она што се планира 2008 кажува дека само дел од резервите се користат, а веќе имаме надпросечен раст во регионот. За тоа треба клима, треба состојба. Треба почитување на сите.

Сега што се однесува до Буџетот, тоа е состојбата врз основа врз која ние го планираме Буџетот меѓутоа, во оваа 2007 година се покажавме дека ние не знаеме добро да трошиме пари. Ние знаеме во земјата да заработиме добро, еве подобро од лани, знаеме економија да имаме подобра, но не знаеме да ги потрошиме и ефектите оттаму ќе дадеа нов раст, дополнителен имплус на развојот на Република Македонија.

Оттаму, сега треба да се води многу сметка и на амандманите кои се дадени да се одберат оние клучни амандмани кои навистина имаат логика и кои можат да ја рационализираат потрошувачката и да направат подинамична, особено оние амандмани кои буџетската потрошувачка ја ориентираат кон јакнење на процесот на остварување на приоритетите препорачани од Европската унија. И има такви амандмани. Да се концентрираме во работата на амандманите на тој дел од нив и тука да имаме доволно појаснување од предлагачите, а од овие 330 амандмани некои на време треба да бидат повлечени за да можеме ние во рационален рок да ги завршиме. Тоа се моите сугестии. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Андов.

Збор има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Ќе го почитувам ставот што го кажа заменик координаторот на СДСМ и нема да говорам најмалку неколку часа, колку што заслужува сериозно да се апсолвира овој Буџет, туку ќе се обидам да дадан неколку корисни сугестии, бидејќи како што неколку пати споменав, сметам дека единствениот разборит член на Владата е министерот за финансии и за жал, е тоа единствената надеж дека можеме да ја поправиме. Можеби сум непоправлив оптимист но сметам дека единствениот професор во Владата може да ги вразуми другите членови на Владата да не ни продаваат розово во иднина. Туку да погледнеме реално дека Република Македонија исправена пред еден сериозен предизвик кој искрено речено, почитуван министер Славески и не верувам дека ќе успееме да го апсолвираме со ваков Буџет.

Значи вие се обидовте малку да го амортизирате веќе евидентното, а тоа е дека Македонија е соочена со економска криза која е голбален тренд, за тоа говореше дури и мојот колега Влатко Ѓорчев кој се обиде да говори во прилог на она што вие се обидовте да го кажете, цитирам како фуд-инфлејшн. Дека не треба македонскиот граѓанин да се плаши од инфлацијата, но треба да се плаши од генералните трендови, а тоа е дека имаме застрашувачки предвидувања. Бариерата од 100 долари за барел нафта ќе се надмине, бариерата од 27,2 килограми тоа е еден бушел како што го велат, ако ги мериме нафтените деривати во барели, пченицата и другите житарици ги мериме во бушели, достигнаа фантастички 10 долари за бушел.

Тоа, за жал, не зависи од вас, не зависи од овој Парламент. Но, сметам дека е коректно на македонските граѓани да им се соопшти дека Владата, евидентно, можеби ќе биде испрвена пред сериозен предизвик многу брзо да има ребаланс и да го прилагоди овој Буџет заради светстките трендови, за економски да преживее Македонија. Заради тоа што тоа се економски ризици.

Второ, никој не говореше, сепак ние сме политички Парламент, за политичките ризици. Политичките ризици и разврската на косовското

прашање може да ја исправи Македонија пред економска блокада од Север. Евентуалната компликација околу нашето членство во НАТО, односите со Грција, може да ни стави уште едно ембрго од еден друг наш сосед и Република Македонија треба да види во такви околности дали има реален одржлив развој. А не вакви оптимистички прогнози, што сметам дека се несоодветни.

Морам да признам дека издржаната анализа на колегата Ден Дончев ме испровоцира и покрај нашата определба да бидеме кооперативни, да не говориме, но сепак нешто да кажеме. Затоа што испадна, заради погрешната проценка на претседател на Парламентот дека е побитно да ја одржиме оваа ступидна 82 седница, каде што можеше да почека и Зашов и од Регулаторната комисија, можеаа почекаат и куполите и се друго, требаше да направиме една сериозна анализа. Затоа што вие се потрудивте, на овие седум страници има многу аргументи што вие ги давате пред нас пратениците за кои требаше да има сериозна расправа.

Се потруди колегата Ивановски, некој од опозицијата, јас жалам што не прифати дел од позицијата, онака како што се обиде Влатко Ѓорчев, да говориме реално, да не биде утре кабаетлија министерот за финансии или Владата, да видиме имаме ли стратегија во вакви економски глобални текови, Република Македонија, која на време не реагираше за оваа година. Затоа што ние знаевме или барем требаше да знаеме, не мораше да знае министерот за финансии, но ресорниот министер, да речеме за економија или министерот за земјоделие требаше да ги следат овие трендови. Требаше да правиме сега ние некои залихи, условно речено, на нафта и нафтени деривати, па да немаме сега вакви предлози за намалување на царините, на акцизите, на нафтените деривати или да немаме сега интервентни увози. Со кого ќе се види тој несреќен министер за земјоделие, ни ветува интервентен увоз?! Ниту стигна тој од Украина, пред три месеци, ниту ќе стигне сега од Србија. Тоа требаше да се направи пред шест месеци.

Не тврдам министре Славевски дека тоа е ваша надлежност, но реално, можевме многу порационално и овие буџетски средства да ги искористиме. А не, вие да бидете доведени во цајт нот па 45 илјади евра да ги поделите во последните 10 дена, пред се на Министерството за внатрешни работи, за што и јас тврдам, она што вчера го тврдевме дека не може да ги потроши. Ќе направи криминал. Дали ќе биде Јанкуловска, Тодоровски, кој ќе напрви и утре ќе се види тој криминал. Нема таков уметник и таква вештина за да потрошиш толку средства за нецели седум дена. Но, што е тука е. Да гледаме што може да се направи за идната година.

Според мене, идната година Република Македонија не може да го задржи овој позитивен тренд што, можеби сум јас претенциозен, но дозволете и јас да бидам претенциозен, затоа што мислам дека и вие премногу самиот себе си се исфаливте во вашето експозе. Демек, најдобро до сега беа резултатите во 2007 година, имаме длични резултати во вработувањето, невидени резултати во ова, во она, дајте да погледнеме реално.

Економските резултати во 2007 година сеуште влечат последици од успешната 2006 година, што се должи на 8 месеци успешно владеење на претходната гарнитура, продолжување 4 месеци успешно на оваа гарнитура и 2007 година сеуште има позитивен тренд што не зависеше од овие глобални, економски неповолни трендови што ќе ја зафатат Македонија во 2008 година.

За вработувањето, за што морам да ви покажам, ова го подготвувам за вас и најмногу поради тоа излегов, вие, како сериозен, пред се научен работник, знаете дека за она што тврдите дека ќе биде подобро, треба да имате егзактни податоци. Велите дека за идната година ќе проверуваме нешто, ќе правиме пред некои законски решенија, ќе имаме, условно речено, еден период на тестирање како тоа ќе изгледа. Еве како изгледа оваа ваша најуспешна година на едно истражување во вашата изборна единица, односно во најголемиот град на Република Македонија, во општината Куманово. Анкета правена од Брима Галуп од 1-7 декември. Нема да говорам за резултатите, иако тие не се тајна. Од 18%, колку што имаше пред 6 месеци ВМРО-ДПМНЕ поддршка, сега има 14%. Или, 8% колку што имаше пред 6 месеци СДСМ, сега има 10%. НСДП 2%, феноменални 8% ДУИ, само 2% ДПА и тн. Ќе ги ставам достапни на оние колеги кои се заинтересирани за партиските рејтинзи.

Она што е поинтересно за мене е како граѓаните, во најголемата општина, перцепираат кој е најголемиот проблем. Застрашувачки е процентот на овие 500 испитаници. Тоа е во општина, како Куманово да имаш теренска анкета на 500 испитаници релевантен податок. Кои се најважните и најголемите проблеми за вас, тоа беше прашањето: 80% невработеноста, 44% сиромаштијата, високите цени 30%, 25% тоа што го знаете собирањето на сметот и другите се веќе релеватни по 2-3%.

И покрај вашата заложба дека ова е најуспешната економска година за Република Македонија податоците на теренот се поразителни. Не најдовте и вие лек. Не може да се најде тој лек преку ноќ за невработеноста.

Ова, срамежливо зголемување на стапката на вработеност, сите знаеме, не ни кријат, сега почна во серија на прес конференции да го открива тоа СДСМ. 4000 партиски војници ги вработивте. Делумно со договори за работа на неопределено време, другите, затоа што нема веќе договори за дело туку има договори за работа на определено време, се трансферирани година за година и само привидно е решен проблемот.

Вие се обидувате да користите нешто што и јас го знаев додека бев премиер. Говоревме ние дека

имаме не стапка на невработеност од 35%, туку и јас бев оптимист, како и вие, дека, веројатно, од оваа силна армија на невработени, повее од 20% се пријавуваат само заради здравственото осигурување. Имаше варијанта. Вие го имате тој проект. Не знам дали ќе го предложи, дали ќе биде тоа Фондот за здравство или министерот за здравство, да ги одделиме овие со сини картони, а другите дали ќе бидат розови или портокалови бидејќи вие сте на власт, но не е битно. Битно е да видиме дали е точна таа бројка, дека немаме 35% невработеност, туку да речеме имаме 14%, како што вие велите во вашето експозе.

Но, за тоа треба посериозна анализа отколку ова што вие сте го кажале овде. Сега сакате нас да не убедите дека има меѓународни стандарди, дека Меѓународната организација за труд вели дека ова вие што го правите да, меѓутоа секој пат се зема предвид и друг критериум што ќе покаже дека во Република Македонија невработеноста не е најголем проблем. Па гледате дека не е така. Покажав, во најголемата општина, во вашата изборна единица. Ако во Куманово велат дека 80% најмногу се загрижени за невработеноста, знајте дека е така во цела Македонија. Ние, реално, во ова ваше експозе гледам дека немаме формула како да дојдеме до повисока стапка на вработеност.

Вие очекувате дека со економските мерки што ги има Владата ќе дојде до силен бран на странски инвестиции. Јас, најмногу бев испровоциран поради тоа да говорам, пред се заради вашата фантастична прецизност. Вие тврдите дека до крајот на оваа година ќе имаме, ни повеќе ни помалку туку 213 милиони евра странски инвестиции. Не знам. Ако имате егзактен податок дека до 1 септември о.г. имаме само 95 милиони евра странски ивнестиции, навистина се чудам како успеавте да пресметате, со ваква прецизност, дека ќе имаме 213 милиони, па уште и за следната година да бидете толку прецизен, да тврдите дека има 282 милиони евра странски инвестиции, за да завршиме во 2009 година со 330 милиони евра.

Господине Славески, почитуван министер за финанси, извесно е дека оваа година, ќе ги читам сите оние што ги спомнавте: реализиравте не повеќе од 10 странски инвестиции, за кои, од ова место признавам дека изворно, од почетокот на договарање, преку меморандум за разбирање па се до финализирање на договорот успеавте да го напрвите тоа само со еден, што не влезе во таа фаза на писма за намери, меморандуми за разбирање, преддоговори и договарање, туку на тендер победи за трет мобилен оператор. Значи, ниту шведската млекара "Свед милк" ниту "Агро кор" од Хрватска, ниту израелскиот "Соли груп", ниту хрватскиот "Дукат", ниту "Џонсон Контрол", ниту "Ерас сити", ниту "Сисиете женерал", ниту "Триглав осигурување" се резултат од успешната работа на Владата што ја предводи Никола Груевски. Сето ова го наследивте како мираз од претходната Влада. Значи, наследивте многу работи што можете вие да тврдите дека се неповолни, но сите овие инвеститори, можам и да ви дадам, затоа што, сега не ви се додворувам вам, туку сум доследен, уште кога ја биравме Владата на 26 август реков дека единствен на кого верувам во оваа Влада, дури повеќе од мојот колега Игор Ивановски кој ве знае дека сте и одличен професор, а тој вели дека сте слаб министер, јас сеуште верувам дека одличен професор може да биде добар министер. Ќе ви ги дадам сите белешки од средбите со овие инвеститори што се направени од претходниот период.

Значи, вие овде ја додадовте само "Џонсон Мети" за која знаеме дека евентуалното потпишување на договорот ќе биде во 2008 година, а инвестицијата ќе биде во 2009 година, кога можеби вие нема да бидете веќе министер. Не затоа што очекувам дека ќе ве реконструираат, бидејќи не играте во фамилијарното трио, туку затоа што веројатно во 2008 година ќе има предвремени избори. Затоа, мене ова повеќе ми личи на предизборен буџет, отколку на сериозен буџет, на Влада која сака да биде реформаторска и сериозна, да направи ваков економски развој што јас го посакувам.

Но, искрено ви велам дека и јас верував дека 2006 ќе ја завршиме со најмалку 5% економски раст, но ја завршивме со 4%. И вие почнавте после првио квартал да ги билдате очекувањата дека ако е во првиот квартал 7% очекуваниот раст, дека така ќе ја завршиме годината па и вие сега срамежливо се повлекувате, па велите дека веројатно ќе биде 5,5%. А знаете дека ќе биде 5% - 4,5%. И покрај новата методологија за која говореше мојот ценет колега Ивановски и која тврди дека ви дава секогаш предност за 0,5%-0,75% покажете поголем раст.

Но, во краен случај, тоа, бидејќи говориме за мината година, не е најбитно. Јас сакав да ја отворам дилемата дали, според сите овие показатели, дали според економските глобални трендови што ги имаме е евидентно дека вие тоа го знаете, не можеме да издржиме со оваа цена на електричната енергија. Иако вие, тоа не е ваша врлина, бевте малициозен на еден предлог од опозицијата и велите во изминатите 15 или 20 години никој не даде предлог. Тоа беше за онаа Предлог-одлука за економската категорија на лица кои, заради нивниот социјален статус би требало да има субвенционираме дел од електричната енергија. Рековде дека до сега не било тоа практика. Но, заборавате дека во самиот Договор што го има направено Владата на Република Македоија, вие сте сукцесор, значи имате преземено дел од обврските, ние предвидовме ваков развој. Условно речено во овој глобален регион бидејќи после Атинскиот меморандум Македонија е дел од Енергетската заедница, каде што пазарна мора да биде цената на електричната енергија. Не може единствено во Република Македонија електричната енергија да биде социјална категорија.

Затоа имате можност, согласно Договорот што го потпишавме со ЕВН да има дотации за оние, вие

тврдите дека приближно останувaат околу 60 илјади семејства во Република Македонија, кои не можат да закрпат крај со крај до крајот на месецот и тие се реално социјални случаи и станува збор за 60 илјади семејства за кои државата би требала да има дотации. Да ги покрие оние минимални потреби за трошоците за плаќање на електрична енергија, а другите, не само големите 8 потрошувачи да имаат пазарна цена на струјата, туку сите потрошувачи во Република Македонија. А, тоа ќе го наметне следниот приоритет за што овде многу малку говорите.

Република Македонија, мора конечно да го има како приоритет над приоритетите барањето на алтернативен извор на енергија. А, тоа е гасификацијата на Република Македонија. И јас, реално очекував во овие капитални инвестиции за идната година, затоа што морам да ви признам не му верувам на вашиот колега заменик претседател на Владата Ставрески дека нешто ќе направи со клириншкиот долг, затоа што до сега три пати излажа. Ниту во септември потпиша договор, ниту во октомври, ниту на 11 ноември како што порача. Значи, со клириншкиот долг и со неговите краци, дали прстенот околу Скопје, дали еден крак на Исток другиот на Запад, дефинитивно нема ништо. За жал овде, во овие капитални инвестиции, што вие признавате, кога ќе соберете се, мора да знае македонската јавност иако оваа година го имаме најголемиот Буџет, над 2 милијарди евра, структурата и понатаму не е развојна. И вие тоа, како ценет професор на економските науки го знаете подобро од мене.

Нема шанси, ниту теоретски шанси ако 47% на расходната страна имаме за пензии, за социјала, за здравствена заштита, ако за државната администрација имаме 22%, сега грубо ги собирам, 47 + 22 = 69%, еве заокружувам 70% имате субвенции што ги поддржуваме, но сметам дека недоволно се обмислени, на овој начин на кој ви го проектира Буџетот министерот за земјоделие што гоимате верувајте овие 45 милиони евра ќе отидат по етер, затоа што тој, ако требаше нешто да стимулира, требаше да направи она што е успешно започнато, за да биде доследен.

Зошто не го плати тутунот од реколтата 2006 толку колку што беше договорено? Зошто не им плати 30 денари, а им ветуваше некој друг, веројатно тој затоа што е залутан овде, е дојден како џокер во покер, не давал такви ветувања, но некој друг ветуваше дека ќе биде 1 евро 60 денари ќе биде премијата на не половина евро. Сега, ниту половина евро, ниту барем близу евро, туку останува 25 фенинга, не знам што е помалку, 1/4 од евро. Толку остана она што е платено во 2006 година. Останаа за реколтата од 2006 година за неисплатени субвенции. Ветуваме дека со намалувањето на ДДВ-то на ѓубривата, на суровините дека ќе се направи пресврт, а вие знаете дека не може да се направи пресврт ако не се реагира на она што е најболна точка. Тоа го нема во овие субвенции.

Земјоделците бараат она што е најголема ставка во нивниот трошок, да се реши проблемот со мазутот. Ние немаме решение. Бараат и јас додека бев премиер, бараа да измислиме систем, дали да има посебни зелени пумпи каде ќе можат да ги полнат своите трактори, комбајни, другата земјоделска механизација или да имаат посебни купони. Штом почнавте ваучери да давате за студентите, подобро ќе беше да дадевме некои бонови на земјоделците па да го решевме нивниот најголем проблем, како идеја. Затоа што се обидувам и јас да дадам идеи, гледајќи дека брзо ќе има ребаланс, верувам дека и во таа насока ќе има некое решение. Но, како и да е, на крајот, кога ќе ја свртам оваа страница, која е оваа по ред, затоа што говоревте долго во стенограмот, тоа е предпоследната страница, веројатно 10-та страница, говорите за капиталните инвестиции во висина од 16%. Од 2 милијарди 16% грубо 220 милиони или 230 милиони велите дека ќе има капитални инвестиции во Република Македонија во идната година.

Кога ќе се поврзе и структурата на овие капитални инвестиции, ќе се види дека единствено нешто што ќе остане, затоа што вие, кога говорите почитуван професоре или почитуван министре, за подобрување на бизнис климата, сметам дека и вам ви е јасно дека не е битно за бизнисмените дали за 4 дена ќе регистрираа фирма или за 34 часа. Тоа се приказни за мали деца и ајде сега да се натпреваруваме. Таму имаме добиено плус и затоа одиме, условно речено во тој дел, во отворањето на бизнисот на високо место, на она што вие сакат да кажете четврто место. Ние сме четврто место. Јас би сакал да бидеме на четврто место. Од 10 држави кои имаат аранжмани со Светската банка, а за жал не се само 10 држави од Светската заедница, Обединетите Нации, ние бевме во тој дел на четврто место. Не ви одговара она, што е побитно за мене, конкурентноста па да кажете дека паднавме за 10 места надолу.

Вие тука велите дека ќе мора нешто да направиме, не кажувате што, да се подобри инфраструктурата. Се изнаслушавме изминатите 15 години и за Коридорот 10, и за Коридорот 8, но не гледам дека вие нешто сериозно направивте. Не направивме можеби сериозно драматично повеЌе отколку што е започнат еден биден патен правец, Струмица - Радовиш. Вие повторно го кажувате тоа, третата лената на Плетвар и велите ќе видиме со странските инвеститори дали ќе го завршиме Коридорот 10, Демир Капија -Смоквица. Треба да знаеме дали ќе го завршиме, или не. Не е спорно дека и без подршка од Светската банка, од Табановце до Куманово 9-те километри, може и Фондот за патишта да го заврши. Но мислам дека мора да имаме некои сериозни проекти, што секоја Влада

на идната ќе и го остава како капитална инвестиција.

Ги погледнав другите инвестиции. Не би рекол дека се капитални инвестиции. Тоа мислам дека ќе биде вашата рак, рана. Носењето на Краун Ејџн, за кој треба да платиме 380 милиони денари. Можеби не сум доволно упатен, но сметам дека сум еден од поупатените. Ова многу ми заличува на Холандскиот Твининг програм што го имавме, кој не чинеше 6,2 милиони евра. Мислам дека го имавме тоа за џабе. Тоа е Холандската Твининг програма. Не знам. Знам дека никогаш не сте биле блиски со овие, иако се покажуваат како Британци, но таа е онаа групација, која што е блиска за 5-те години. Овие се истите нивни спонзори. И тоа знаете дека ќе оди во пакет. Значи, при промената на власта, кога ќе се чепне мистер тендер, ќе дојде и Краун Ејџн, затоа што имате заеднички именител. И не верував дека за ова ќе оставите со име и презиме овде. Нема потреба во капиталните инвестиции јас некому да платам, за да ми дава памет. За 6 милијони евра ќе изградев грубо кажано 9 километри автопат. Нема потреба во оваа фаза кога царината по дефиниција, погледнете ги сите извештаи, на прво место е Министерството за финансии по едукацијата. Тоа го признавам заради долгата и веројатно децениска корпорација што ја има Министерството за финансии со Холандската влада. Значи, тука направија исклучително добра администрација. На второ место Министерството за одбрана заради сето тоа што го има како компаративно исксутво што го стекна во работата со НАТО структурите и никој друг. Не сакам да ви спомнам, подобро овие пари да ги дадовте. Најслабиот сегмент на нашето општество, ќе видите како ќе се одвиваат работите. Ќе биде МВР. Таму немате демократска контрола, таму немате цивилна контрола, таму не знаете како ги трошите парите, таму не знаете како се проектира, како се буџетира. Таму е хаос. Но никој во оваа држава немаше храброст да покаже со прст таму и да видите кој во последните 10 години ги троши парите на граѓаните. И вие вака им ги дадовте 10 милијони. Но ќе дојде време и ќе треба да се даде отчет за се. И да не должам многу, бидејки сакав да бидам крајно кооперативен.

Значи, како прво, најголемата болка на Република Македонија денес за жал, се внатрешните слабости што ги има Република Македонија,кои се наследени. Економските глобални токови кои се неповолни и политичките ризици, кои се многу високи. Јас ви тврдам дека сериозна Влада во овој Буџет да направи неколку алтернативи. Можеби оваа година и државните резерви да беа поголеми за евентуалните последици од економското ембарго, што ќе го имаме при евентуалното прогласување на независност на Косово и нашето влегување во третиот круг на држави кои ќе го признаат Косово. Евидентно е требаше да се потруди премиерот Џелиќ му е веројатно близок, она што го прифираа минатата недела на сите амбасадори, веројатно немаме таму сега амбасадор, но имаме отправник на работите. Јас не знам кој е македонскиот збор, но веројатно е за српското сценарио дека ако евентуално Македонија го признае независно Косово ќе имаме блокада. Дали ние сме подготвени во такви околности да ја искористиме, како што вели некој таа предност, бидејќи ќе бидеме веројатно заради подобрата инфраструктура што Косово ја следи од прозорец на светот за косоварите. Има ли такв аовде проекција. Не гледам. Ние се држиме според мене, на еден проект кој произлегува од желбата пред се, на премиерот и на неговите пдоржувачи 2008 да биде изборна година. Затоа не сумубеден дека на овој начин ќе ги остварите вашите добри желби, идната година да биде успешна и да имаме економски раст од 7%. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Господине Дончев, вие сте за реплика или за збор? (За реплика), повелете.

**Данаел Дончев:** Благодарам потпретседателе, само да се надоврзам за две работи што ги спомна господинот Бучковски.

Кога станува збор за анкети, секоја анкета по ред кажува, кога е во прашање кои теми се најзначајни, кои проблеми впрочем речено се најзначајни за граѓаните на Република Македонија и секогаш невработеноста, економијата и сиромаштијата се првите три најважни теми.

Во тој контекст, како што спомна и господинот Бучковски, кога веќе зборуваме за овие важни теми, кои се од најсуштинско значење за граѓаните на Република Македонија, и мене навистина ми е нејасно со каква леснотија ова Собрание донесе Одлука вечерва да се откажат дискусиите во интерес на времето. Во интерес на чие време почитувани пратеници? Нашето? Буџетот ја претставува фискалната политика на државата. Фискалната политика заедно со монетарната политика и приватниот бизнис сектор, ја сочинуваат економијата на една држава. Еднаш годишно имаме време да дискутираме за фискалната политика и се откажуваме во интерес на време. Мислам дека тоа не е соодветен третман за прашањата кои се најважни за граѓаните кои ни дадоа доверба. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Реплика има господинот Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Би реплицирал во делот на излагањето на господинот Бучковски со дел од работите што беа кажани се согласувам со најголемиот дел, со убедливо најголемиот дел не се согласувам, а тоа е дека за среќа оваа година, во овие 17 години ќе го имаме најголемиот економски раст

на Република Македонија. Апсолутно, тоа не е доволно и се согласувам дека најголемите пробелми на нашето општество се во делот на невработеноста. Тоа сите го знаеме, го чувствуваме, го чувствуваат и илјадници и стотици илјади наши семејства. За огромен број на луѓе знаеме дека најголемиот проблем е невработеноста. Но економските закономерности и во Македонија и во Германија и во Америка и во Русија и било каде говорат дека со 3% економски раст се елиминира 1% од невработеноста. Значи, ако ние оваа година ќе имаме околу 5% раст. Ако имаме 6% раст, тоа значи 2% помалку невработени. Ако имаме 9% раст, што е невозможно, што тоа може да го направи една Кина или Мозамбик или некои држави што стартуваат со ужасно ниска основа, како Ангола, тогаш можеме со 9% раст, да имаме 3% намалување на невработеноста. Оваа и ваква Македонија може да направи 5% економски раст. И тоа е најмногу од сето она што сме го имале до сега. За жал во ситуација од 36,5% наследена невработеност, намалувањето изнесува 1,2 или 3%. Тоа е ужасно малку, се согласувам дека е така, но тоа е единствениот пат по кој што Република Македонија може да оди. А во делот на тоа каде што велите дека голем број на инвестиции биле почната од вашата Влада и не биле затворени инвестициите, апсолутно се согласувам. Ние наназад 10 години видовме голем број на фатаморгани како нереализирани инвестиции, почнувајки како најкласичен пример Ауди и не беа реализирани. Вистина е. Мене ми е навистина жал до колку Шветската млекара Џонсон Контрол и многу други ја доживееа судбината на Ауди. Беа најавени, потпишани меморандуми за разбирање и слично, но ако сето тоа не беше формализирано. За среќа, беше формализирано, одредена заслуга имаат и делови од минатата Влада, каде што бил остварен контакт и слично, но договорот ни од далеку не беше склучен и се направи сега. Има уште многу работи кои што можат да се дискутираат. На крајот само би рекол дека навистина, пробелмите се само во нашата економија и општество големи, но прв пат после 17 години, колку толку. Макар и малку, но сепак многу повеќе, но сега се движиме во вистинската насока. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ѓорчев.

Контра реплика има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Господине Ѓорчев ја ссум убеден дека вашето излагање пред 4 дена беше дос ега вашиот најдобар настап во Парламентот, каде што се обидовте вие да ги менанџирате очекувањата. Полека вие можеби како гласноговорник на ВМРО-ДПМНЕ да го подготвите вашето членство дека доаѓаат тешки времиња, за кои се гледа дека вашите гласачи немаат разбирање. Овие 80% на незадоволните од Куманово, очекуваат вие да ги вработите. Овие другите 60% незадоволници, очекуваат да го решите проблемот со сиромаштијата. Овие 40% сакаат да им кажете да ги зголемите пензиите за 10% и дека утре ќе живеат подобро од денес. Но знаете дека не е така. Сиромаштијата чука на врата на просечниот Македонец. Вие немате резултат, економската криза што ќе ја зафати Македонија, ќе доведе до тоа од сегашните 14% на следната агенда има те 2-3% помалку и да завршите како што ви предвидов.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

Има збор господинот Неждет Мустафа, повелете.

**Неждет Мустафа:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер,

Точно после една година, повторно ќе се обидам да говорам на слична тема и да се потсетиме на неколку те обврски кои ги поминавме во текот на 2007 година, каде што дадовме неколку насоки дека 2007 година ќе биде поангажирана Владата во процесот на решавањето на ромската проблематика, а исто така како што спомна и почитуваниот колега Бучковски во однос на сиромаштијата. Во тој контекст и таа целосна борба против сиромаштијата на ромската заедница во Република Македонија.

Во содржината на вашиот говор почитуван министер рековте дека сте амбициозна Влада и дека амбициозно работите на агендата која што сте ја поставиле. Јас во тоа сум уверен и ги гледам вашите резултати и навистина објективно би посакал и понатаму амбициозно вака да се однесвуате во процесот на решавањето на агендата која што вие си ја поставивте како Валда.

Господине министре, јас ќе говорам за Буџетот од призма на тоа каде е местото на ромската заедница во Република Македонија. Се решава амбициозната Влада да се однесува сериозно со ромската проблематика, или се реши оваа амбициозна Влада да се однесува декларативно со ромската заедница.

Во таа насока, господине министре, еве јас ќе почнам да говорам во однос на содржината на Буџетот, на она што ќе ни биде како главна обврска и главен ангажман, како средствата, односно парите на Република Македонија ќе се потрошат во интерес на граѓаните на Република Македонија и што од сето тоа Ромите во Република Македонија имаат интерес.

Би почнал од подршката за развојот на малите и средни претпријатија, која што е како цел и како програма на Владата на Република Македонија . Восхитен сум од целните позиции кои што оваа Влада си ги постави темелно да се занимава со проблематиката на отворени проблеми, кои што постојат во нашата држава. Токму овие проекти кои што се како проекти на Владата на Република Македонија господине министре во однос на вработувањето, мојата партија има констатирано дека центрите за вработување несоодветно ги промовирале и имплементирале активните мерки за поттикнување на вработувањето на ромската заедница. Голема неинформираност околу овие

мерки не е карактеристична само за невработените Роми, туку и за ромските бизнисмени. Мислам дека тука можете потполно да се согласите со мене дека ромската заедница во однос токму на тој развој на малото стопанство, односно развојот на ромскиот бизнис, пред се како граѓани, многу малку од Буџетот за 2007 година, се извинувам не многу малку, воопшто не биле информирани ромските бизнисмени, како парите од програмите на Владата на Република Македонија беа потрошени. Тие беа поделени за граѓаните на Република Македонија, за заедниците, но не на ромската заедница. Заклучокот е дека никој од центрите за вработување не иницирал некоја комуникација со бизнисмените во врска со вработувањето дека невработените Роми се исклучени од спроведените програми на Владата за подготовка на вработување, обука, преквалификација, или доквалификација. Ова е уште еден факт кој ја потврдува исклученоста на Ромите од активните мерки, знаејки дека над 85% од ромската популација, се без или со основно образование.

Господине министре би сакал да ја заклучам оваа тема со следната констатација дека сосема мала можност има да се слушне за Ромите. Мислам дека учтиво ќе ја следите тежината на ромската заедница во Република Македонија. Ве молам за вашата учтивост. Значи, Ромите не ги користат развојните фондови и програми во оваа област, така да и понатаму остануваат корисници само на социјални фондови, кои не нудат можност за подобар животен стандард.

Следно, би сакал да имаме заеднички предвид дека констатираме голема неинформираност. Токму за тоа, Агенцијата за вработување треба итно да се повикува на Акционата програма за статегијата на Ромите и крајно доследно да се зафати да имплементира согласност за потребите на Ромите, како посебен афирмативен пристап на ромската популација на подолг период.

Во контест на ова, предлагам за да добие реална прилагодена програма, предлагам Агенцијата директно да инволвира Роми за кои што би можело, имплементацијата на програмите на Владата на Република Македонија, стратегијата и декадата поуспешно д асе реализираат.

Понатаму, работата на декадата е подржана, само од Националната група која ги изготви акционите програми на декадата. Плановите не се доволно процесни. Не е јасно од каде или за што и како ќе се обезбеди финансирањето, плановите и не кажуваат кои од државните институции се одговорни за спроведувањето на акционите програми на декадата.

Во однос на вработувањето, оваа бројка ја крие вистинската тежина на состојбата, бидјеки многу Роми кои се долготрајно невработени, повеќе не се, или никогаш не биле официјално регистрирани. Според тоа, според проценките на Агенцијата за вработување од 2004 година, на секој вработен Ром има скоро тројца Роми кои се без никакво вработување. Државниот завод за статистика, проценува дека помеѓу Ромите, стапката на невработеност во 2007 година господине министре била 83, 4%, додека невладините ромски организации констатираа дека дури 95% е процентот на невработеност на Ромите во Република Македонија. Ниту една од програмите и услугите за стимулирање на вработување не е наменет за Ромите и ниту еден не е прилагоден за специфичните потреби на ромската заедница во Република Македонија.

На крајот сивата економија е основен извор на приходот за Ромите.

Новиот предлог за регистрирање на нерегистрираниот бизнис е апсолутен апсурд, во однос на ромската заедница. Свесни сме дека владее голема сиромаштија во Република Македонија. Но во исто време сме свесни дека меѓу сиромашните се најсиромашни ромската заедница и дека единствен опстанок, единствен услов е токму таа сива економија.

Мислам дека тука треба малку повеќе да размислиме, дали токму тие граѓани кои се бават со сива економија потребно е да им натураме на сета таа сиромаштија дотурни фирми, кои што ќе имаат дополнителни обврски, а кои сме свесни дека и така тие едвај опстануваат со тие приходи кои што ги добиваат од сивата економија, па се наоѓаат во состојба да не ги плаќаат дури и комуналиите, струјата, и водата за кои што имаат дополнителни проблеми. Јас навистина верувам дека вашата амбициозна Влада доста отворено ќе има грижа врз ромската заедница и врз нивната проблематика.

Понатаму, господине министре во однос на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, имате некаде околу два милиони средства, се извинувам, три милиони и 800, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор. Ние сме тука исто така многу загрижени. На неодамнешната заедничка средба на невладините организации и господинот Салиу заеднички констатиравме и слушнавме апел од невладиниот ромски сектор за грижата во однос токму на овој Секретаријат за спроведување на Рамковниот договор, па констатираме дека истражувањата покажуваат дека кај припадниците на ромската заедница постои незадоволство од неговата имплементација. Се оценува дека истиот повеќе ја подобрил положбата на припадниците на другите етнички заедници, а господине министре, најмалку на ромската заедница. Показателите покажуваат дека неправично се имплементира правичната застапеност на Ромите во јавната админситрација и јавните претпријатија каде што паритципацијата на Ромите заклучно се февруари 2006 година изнесува 392, или 0,55%. Додека вкупниот број на вработените во јавната администрација и јавните претпријатија заклучно се февруари 2006 година изнесува 70.226,00 од кои само 329 се припадници на ромската заедница. Само да се потсетиме дека уште е

помала бројката на Роми кој имаат статус на државни службеници, што при анкетирањето на Ромите дека не постои правична и еднаква застапеност на ромите во јавната админстрација. Тоа можете господине министре да го видите од повеќе анкети што се спроведуваат во невладините организации, односно од невладиниот ромски сектор.

Следно, би сакал да го одвлечам вашето внимание господине министре во однос на информираноста на Ромите, токму во однос на спроведувањето на Рамковниот договор. Интелектуалците Роми сметаат дека конкурсите кои се објавуваат од страна на државната администрација, а кои се однесуваат за вработување во јавната администрација и јавните претпријатија не стигнуваат до ромите. Висок е процентот на Роми кои не слушнале за конкурсите објавени во 2004 година од 2004 година до 2007 година за вработување на државни службеници со средно и високо образование од претставниците на етничките заедници. Може да се заклучи дека при досегашниот начин на информирање, информацијата не стигнува до припадниците на ромската етничка заедница. Затоа министре сакам да ви дадан неколку препораки како и минатата година зошто е потребно да се издвојат средства во областа на правичната застапеност на Ромите во Република Македонија.

Прво, ви треба пари за континуирано да спроведувате обука, курсеви и подготвување на Ромите за вработување во институциите на државната администрација, како најмаргинализирана заедница. Господине министре само така ние објективно ќе имаме пристап како да ги извлечеме Ромите како најмаргинализирана заедница.

Второ, ви требаат средства затоа што во наредниот период ќе мора да се работи на обезбедување на еднакви можности за севкупната партиципација на ромската популација, каде не се доволно застапени, како на пример во законодавната, извршната, јавната и државната админситрација.

Трето, ви треба пари за да работите континуирано и активно со ромската етничка заедница за обезбедување на фондови и услови за повисоко ниво на информирање на јазиците и на помалите етнички заедници преку ромските медиуми, преку телевизија Шутел и телевизија БТР.

Четврто, државата заедно со ромските заедници односно политичките партии и невладините ромски организации за работи во креирање на програмата за надминување на недовербата од страна на Ромите кон институциите на државата.

Господине министре не знам колку сериозно но по ова, за целата плејада на ромските заедници за една индустрија на ромски невладини организации е голема грижа и сме биле замолени ова да ви го претставиме вам и на моите почитувани колеги, подетално да се запознаеме со критичната состојба на Ромите во македонското општество, а не само декларативно да се произнесеме дека ромската заедница успешно се интегрира во владините институции.

Пред малку како и минатата година исто така пред мене говореше господинот Бучковски и доста инспиративно за борбата против сиромаштијата на граѓаните во Република Македонија. Овде имате 30 милиони денари како мерки за намалување на сиромаштијата. Јас сум многу загрижен и од минатата година каде што имавме една таква ставка и тогаш ве прашавм, каде тука наоѓа место ромската заедница. И со кои инструменти и на кој начин тука може да им се помогне на ромската заедница да се спасат од бедотијата, да се спасат од она што ги среќаваме во нашите средини, токму како што доаѓаме како пратеници од секој еден град. Јас се надевам дека овие средства во однос на мерките за намалување на сиромаштијата, со овие 30 милиони денари во 2007 година, ќе се утешам во изештајот дека дел од тие трошки беа наменети и за ромската заедница.

Господине министре, во однос на обврските на Минситерството за транспорт и врски тука Министерството за транспорт и врски во буџетот од 2008 година, гледам дека исто и ова Министерство е амбициозно и дека и ова Минситерство со владините програми покажавте и докажавте дека делите социјални станови. Во однос на ромската заедница, огромно мнозинство од Ромите на Македонија, сакам повторно да ве потсетам почитувани колеги пратеници, иако сите доаѓате од градови каде што ги гледате ромските гета, каде што ја гледате ромската мизерија, каде што ги гледате ромските деца како питаат по семафорите и каде што ги гледате ромските жени како седат во некое ќоше на ова студено да просат и да направат егзистенција. Значи, огромното мнозинство во Република Македонија живеат во урбаните области во концентрирани супстандардни населби на рабовите на поголемите општини и во градските гета. Ромите често немаат основна инфраструктура, како што се асфалтирани патишта, чиста вода за пиење, или канализација и пристап до услуги, како што се отстранување на сметот, телефонски комуникации итн. Ромите живеат, повторно да се присетиме во ненаселени соодветни домови, со 10 метра квадратен простор, без бањи и тоалети. Многу бев среќен господине министре кога ги видов како ги поделувате становите за социјалните случаи. Но дупло бев разочаран да ви кажам кога видов дека меѓу тие редови ниту едно ромско семејство не доби стан. На ниту едно ромско семејство не пруживме рака да кажеме дека оваа Влада, дека ова македонско општество се грижи за ромската заедница и дека нуди помош на овој народ во спасот на нивната беда, во спасот на воспитување на нивните деца, во спасот на правични граѓани, како лојални граѓани и во спасот да бидат цивилизирани граѓани горди на Република Македонија кои и

покрај сета бедотија која што ја имаат во нашето општество.

Значи, сакам да ви оставам една отворена грижа дека во делењето на наредните социјални станови, сигурен су м дека ќе издвоите 20 или 30 стана на ромската заедница по истите критериуми како што ги правите. Можеби ќе има среќа некој Ром да добие стан.

Во однос на Министерството за труд и социјална политика овде веќе заседовте мерки за намалување на сиромаштијата, како и што спомнав пред малку 99 милиони и нешто се одредени средства за намалување на сиромаштијата и веднаш како потставка, како Б-1, има поттикнување на вработувањето, каде што се доделени средства околу 8 4 милиони денари. Сакам да бидам уверен дека преку ромските медиуми вашата Влада ќе ја информира и ромската заедница за да бидат известени за оваа ставка, на кој начин се користат и невладините организации со кои средства би можеле да ги повлечат средствата за да им помогнат во спасот на бедотијата на ромската заедница, иако не третираат како заедница ко ја што живее само од Минситерството за труд и социјална политика, па токму и тоа Министерство како помалку да им префрлува на ромската заедница, добро, вие до кога само од социјална помош ќе живеете. Како да ромската заедница не сака да се вработува, како да ромската заедница, односно родителите не сакаат да одат на работа. Никој не ги прима господине министре. Во Источна Македонија немаа шанса да се вработат. Во Западна Македонија исто таква е состојбата. Тука во Скопје, состојбата е таква, каква што ја знаеме. Значи, не смеат да се користат стериотипи со ромската заедница дека тие се сиромашни, поради тоа што тие не сакаат да работат. Не, никој не им дава работа. Токму за тоа нивните деца питат и токму затоа ќе имаме повеќе деца во социјалните домови, едај чека некој социјален дом да ги прифати и да ги спаси од гладот бидејќи не можат да им организираат храна.

Сега сме во Минситерството за образование. Покрај овие болни страни на кои што секогаш се потсетуваме уште еднаш сакам да се потсетиме дека како неопходна компонента на квалитетно образование за сите е атмосферата во училиштата. Кога велам атмосферата во училиштата, мислам на сите фактори кои влијаат за сигурноста на ученикот во училиштето, пријатното чувство на ученикот во училишната зграда. Сега да ве потсетам повторно, бидејќи доаѓаме од градовите каде што ги гледаме Ромите како се образуваат, да се потсетиме на училиштата каде што учат заедно со вашите деца. Тоа се Јане Сандански во Скопје, Бајрам Шабани во Куманово, Столи Думец во Куманово, Санде Стерјовски во Кичево, Ѓорѓи Сугарев, во Битола, Добри Јовановски во Прилеп, Малина Поп Иванова во Кочани, Славчо Стојменовски во Виница, Гоце Делев во Штип, Браќа Рамиз и Хамид во Шуто Оризари, 26 Јули во Шуто Оризари.

Почитувани колеги, доколку навистина не сте биле во овие училишта, ве молам, одете и видете каде што најголем процент се образуваат ромските деца. Сметам дека тоа не е срам на ромската заедница што родителите ги оставаат во ваквите училишта. Тоа е срам на сите нас. Ние не можеме да очекуваме квалитетно образование на ромските деца, како што реков претходно, ако не им организираме услови за квалитетно образование. Повелете, еве конкретно училиште во Браќа Рамиз Хамит и моето дете таму учи. За него не може да се рече дека е глупо дете. Не мо же да се рече дека е столче. Децата облечени учат во студени простории и во такви услови ли ние сакаме да проидуцираме квалитетно образование на ромската заедница. Не, Ромите немаат стереотипи. Ромите се борат проитив стереотипи на неромите што мислат дека тие не можат да учат. Ние имаме сериозен проблем со тоа. Ние мораме да направиме инструмент како ние самите да се надминеме од стериотипноста на ромската заедница. Тоа е наша одговорност, и таа одговорност ние во Собранието на Република Македонија мораме да ја надминеме. Да им дадеме искрена реална шанса на ромската заедница за да се гордееме со тие деца утре кога ќе станат доктори и инжењери. За да се гордее Република Македонија не со бедата и сиромаштијата на Ромите во Република Македонија, како што јас лично се гордеам како гененерален секретар на Ромскиот европски совет во Советот на Европа каде што истакнувам дека Ромите во ниту една држава во светот во Европа немаат таков политички третман, немаат таков политички статус, немаат таков уставен третман. Единствено нешто со кое треба да се бори Република Македонија, тоа е борбата против сиромаштијата на Ромите, борбата за сериозно афирмирање на образованието на Ромите, да им се даде искрено реална шанса. Оваа година гледам дека е подобрена состојбата на декадата. Дека е зголемена со шест милиони денари, и тоа е некаде околу 100 илјади евра. Господине министре јас овде не разбирам нешто. Декадата е обврска на повеќе министерства. Дали Министерството за образование е должно само да финансира во имплементацтија на декадата, или се должни уште 4 министерства кои што се према декадата и стратегијата, имаат обврска 4 министерства во имплементирање на обврските према ромската заедница.

Сметам дека, иако е ова охрабрувачки, никогаш барем ние Ромите не сме такви да бидеме нескромни и према овие 100 илјади евра, мислам дека во текот на оваа година со ребалансот, треба да ја подобриме финансиската положба во подобрување на финансиската состојба, односно во подобрување на условите за имплементирање на декадата. Инаку можам слободно да ви кажам дека сериозни проблеми ние имаме како пратеници со ромската заедница, а секако и ромските невладини организации. Бидејќи има некоја фантазија дека со декадата се даваат милиони и милиони средства и донации.

Ромските семејства често ги собираме дури во нашите домови, правејќи притисок кон нас, каде се средствата. Сите се интересираат каде се средствата од декадата. Затоа, вечерва сум спремен отворено да говорам дека желбата и потенцијалот за имплементирање на декадата и стратегијата на Ромите мораме објективно да настапиме. Во изминативе девет години не била така скромна. Но еве да се уверам дека имаме уште осум години и дека Македонија како приоритетни агенди што ги имаме сите пред нас со тоа ќе даваме сигурно паралелелен ангажман за подобрување на севкупната положба на ромската заедница во Република Македонија.

Потставката 3-а, имате изградба на училишта околу 85 милиони денари. Не ми е јасно зошто господине министре на 8 април о.г. премиерот Груевски беше во населбата Шуто Оризари на денот на Ромите и тој истакна дека ќе се изгради средното училиште. Оваа идеја е многу стара уште кога бев градоначалник на општината Шуто Оризари и јас сум горд што сега има можност да се оствари таа идеја. Поминува годината, мене навистина ми предизвикува голем страв зошто во Минситерството за образование во ставките како што стои за изградба на средни училишта со име и прзиме, зошто тука не ставивте дека во текот на 2008 година ќе се изгради средното училиште во Шуто Оризари. Јас не верувам дека вие го излажавте ромскиот народ во Шуто Оризари, кога рековте гласно дека ќе изградите средно училиште. Јас не верувам дека ќе ги оставите тие луѓе да го запаметат тој збор. Но еве, и на моето пратеничко прашање кое беше поставено ми одговоривте дека со оправдани аргументи што ги прифаќам, дека тоа ќе биде заложба за 2008 година. И верувајте ми во 2008 година секој месец од март натаму, кога ќе имам можност за поставување на пратенички прашања поворно има да ве потсетам за оваа обврска која што ја дадовте официјално, гласно пред граѓаните на општин ата Шуто Оризари.

Господине министре, во делот на културата кажавме дека во Буџетот за 2007 година, дека не е целта на Ромите да изгледаат декоративно и да ги сметаме дека тој е еден фолклорен народ за кои треба да се задоволат некои основни потреби, па тоа е толку.

Ние имаме закон за сите заедници. Законот вели дека е општ и нужен. Дали вие сакате, или не, тој како важи за сите етнички заедници во Република Македонија, така има да важи и за ромската заедница. Па токму во областа на ова Министерството за култура каде што имаме само еден вработен и сметаме сериозно дека ние ги задоволуваме потребите на ромската заедница во областа на културата, особено во издавачката дејност каде што последните десет години имаме една цела плеада на поети, на деца кои што дипломирале на Академијата кои што имаат пишувано и драми. Тие немаат никакви можности за да ги издаваат своите дела. Па толку ли ние не можеме да издвоиме средства да и помогнеме на ромската заедница или пак толку ли Македонија не може да се гордее покрај фолклорното богатство со години и години што го има ромската заедница со КУД Пралипе. Веќе 6-та година говорам дека КУД Пралипе мора да стане професионален ансамбл. Тоа ќе биде гордост на ромската заедница ама ќе биде гордост и на македонската заедница. Да ве потсетам, дека во минатото токму тоа културно уметничко друштво Пралипе и театарот Пралипе ги освојуваа првите награди на сите фестивали. И таму се спомнуваше името на Ромите од Република Македонија. Затоа силно ќе се залагам во 2008 година КУД Пралипе и театарот Пралипе да бидат професионални. Јас сум уверен и јас сум убеден дека вашата амбициозна Влада ќе ги има на ум сите овие мои забелешки и дека лека полека ќе ги имплементираме, а со тоа ќе си ја завршиме и обврската спрема ромската заедница.

Ви благодарам на вашето трпение почитувани колеги.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас господине Мустафа.

Реплика има господинот Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Почитуван потпретседателе, почитуван министре, колеги пратеници,

Не знам дали да ја крстам реплика, но ќе бидам многу краток, една минута. Морам да кажам дека се приклучувам кон одредени најавувања од страна на пратеникот, со тоа што еве, јас се откажав од мојот говор, иако го подготвував можеби и неколку дена. Денес во интерес на времето да не зборувам за состојбата на Ромите. Мислам дека во одреден дел добро е прикажана од колегата кој што зборуваше сега. Меѓутоа, би сакал само да потенцирам и да се знае, јавноста тоа да го знае дека оваа Влада на Република Македонија не ги создаде проблемите на Ромите. Како прво, тие проблеми се многу од поодамна создадени и постоеле. За жал, треба да се обидеме да ги ублажиме токму овие проблеми.

Значи, исто така во поглед на Декадата. Декадата не е една година, таа Декада е од 2005 година. Јас често зборувам и се согласувам дека неуспешно се спроведува во Република Македонија. И покрај тоа што, еве едно време секогаш ние Ромите од Македонија се фалевме низ Европа и кажувавме дека Македонија е модел за решавање на ромското прашање и другите држави треба да се приклучат кон тоа. Меѓутоа, исто така да потенцирам дека никогаш Ромите толку масовно не се вработени за време на владеењето на оваа Влада во јавната администрација. За година дена, односно година ипол, од владеењето на оваа коалиција вработени се повеќе отколку за 16 години претходно од 1990 година. И овој пат има околу 200 милиони денари издвоени за имплементација на Рамковниот договор во поглед на вработувањето. Затоа сметам дека треба да се внимава, да се определат оние средста, оние износи кои и следуваат на ромската заедница за да не дојде како и досега да се злоупотребат

определени конкурси, односно да ги искористи некој друг.

Во однос на градењето на средно училиште одговорно тврдам, она што господинот Никола Груевски беше на 8 април оваа година во Шуто Оризари каде што бев присутен и јас, каде што го обележавме местото каде што ќе се гради средното училиште, веќе е тоа во поголем дел завршена работа, легализирано е местото каде што ќе се гради училиштето остана само да помине тендерската документација. Верувам дека од март месец ќе започне со изградба.

Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Салиу.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам општиот претрес.

Пред да отворам претрес по текстот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, објавувам пауза од пет минути.

(Пауза од 20,36 часот)

(По паузата седницата продолжи во 20,41 часот).

**Бесим Догани:** Отворам претрес по текстот на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2008 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на раздел 16001, Програма 4 за отворање нова Потпрограма 40 и за додавање Категорија 42 ставки 420 и 425 и на раздел 16001, Програма 4, Потпрограма 41, Категорија 42, ставки 420 и 425; раздел 01001, Програма 2, Потпрограма 20, Категорија 42 ставки 420, 421, 423, 424, 425 и 426 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, Категорија 42 ставка 426 и на Посебниот дел на Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2008 година во првата потколона од колоната Расходи на Основен буџет на раздел 15010, Програма 2, Потпрограма 21, Категорија 40 ставки 401, 402 и 403, Програма А, Потпрограма А2, Категорија 44 ставки 442 и 443, раздел 16001, Програма 2, потпрограма 20, Категоприја 40 ставки 401, 402 и 403, Програма 3, Потпрограма 30, Категорија 40, ставки 401, 402 и 403, Програма А, Потпрограма А2, Категорија 44, ставки 442 и 443; раздел 18010, Програма 4, Потпрограма 40, Категорија 40 ставки 401, 402 и 403, Програма А, Потпрограма А2, категорија 44 ставки 442 и 443; раздел 12101 Програма 2 потпрограма 20 категорија 48 ставка 482 и раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д4 категорија 42 ставка 425; раздел 16001, Програма М, Потпрограма М1 за додавање Категорија 40, ставки 401, 402 и 403, Категорија 42 за додавање ставка 420, ставки 421, 424 и 425, за додавање ставка 426 и на раздел 16001, Програма 1, Потпрограма 10, Категорија 40, ставки 401, 402 и 403, Програма 2, Потпрограма 20, Категорија 42, ставка 425, Програма 3, Потпрограма 30, Категорија 42, ставка 424, Програма 3, Потпрограма 30, Категорија 42, ставка 421, Програма 4, Потпрограма 41, Категорија 42, ставка 425, Програма 4, Потпрограма 42, Категорија 42, ставка 425, Програма 4, Потпрограма 43, Категорија 42, ставка 421 и Програма 4, Потпрограма 44, Категорија 42, ставка 421 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, Категорија 42 ставка 426, Категорија 46, ставка 464 и Категорија 48 ставки 482 и 483, раздел 04002 Програма 1, за додавање нова Потппрограма 1Б по Потпрограма 1А , Нова Категорија 48 и нова ставка 482, раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 30, Категорија 42 ставка 425 и раздел 14001, Програма 2, Потпрограма 20, Категорија 48 за додавање нова ставка 483 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на Буџетот за 2008 година.

Пратениците Аднан Јашари, Џеват Адеми и Селвије Салиу поднесоа амандмани на раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 30 за додавање нова ставка 488 по ставката 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 482; раздел 13001, Програма 3, за додавање нова Потпрограма 3Н по Потпрограмата 3Д и ставката 488, Категорија 48 и на ставката 488 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482; раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 3Б, ставка 488 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, став 464; раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 30 за додавање нова ставка 488 по ставката 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 482 и на раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 3Б ставка 488 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Абдулади Вејсели поднесе амандман на раздел 19101 Програма 3, Потпрограма 30 за додавање нова Категорија 48 и ставка 488 по Категоријата 46 и ставката 464 и на раздел 09002 Програма 2, Потпрограма 20 ставка 482, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Стојче Крстевски поднесе амандман на раздел 13001, Програма 2, за додавање нова Потпрограма 2Б и ставка 482 по Потпрограмата 2А и ставката 489 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 482, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Сафет Незири, Садула Дураку и Зумрете Јакупи поднесоа амандмани на раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 30, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482; раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 3Б, ставка 488 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482; раздел 15010, Програма 2, Потпрограма 2А, ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 483; раздел 16001, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 483; раздел 16001, Програма 2, Потпрограма 2А, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482; раздел 16001, Програма 2, Потпрограма 2Б, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482; раздел 16001, Програма 2, Потпрограма 2Б, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 483; раздел 16001, Програма 3,

Потпрограма 30, ставка 483 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 483 и на раздел 16001, Програма 3, Потпрограма 3Б, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Есад Рахиќ поднесе амандмани на раздел 05001, Програма 5, Потпрограма 5Б ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 482; раздел 06001, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464; раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 30 за додавање нова ставка 488 по ставката 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464; раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 30 за додавање нова ставка 488 по ставката 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464 и на раздел 14004, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Благородна Цветковска и Мери Младеновска-Ѓорѓиевска поднесоа амандмани на раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 30 ставка 425 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 426, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучија пратениците Борис Кондарко, Оливер Спасовски, Влатко Серафимов, Марјанчо Николов, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Никола Рилкоски, Верица Филипова и Игор Ивановски.

Пратениците Цветанка Иванова, Ацо Киров, Тале Герамитчиоски и Мери Младеновска-Ѓорѓиевска поднесоа амандман на раздел 13001, Програма 3, за додавање нова Потпрограма 3Н по Потпрограма 3М и ставката 489, Категорија 48 ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 482, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Ацо Киров, Цветанка Иванова и Тале Герамитчиоски поднесоа амандмани на раздел 14004, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставки 426 и 464 и на раздел 14004, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 464 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставки 426, 464, 482 и 483, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучи пратеникот Роза Топузова Каревска.

Пратениците Тале Герамитчиоски, Цветанка Иванова и Ацо Киров поднесоа амандмани на раздел 13001, Програма 2, за отворање нова Потпрограма 2Б по Потпрограмата 2А и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставки 426, 464 и 482 и на раздел 13001, Програма 2, за отворање нова Потпрограма 2В по Потпрограмата 2А и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20 ставки 426 и 464, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани се приклучи пратеникот Роза Топузова Каревска.

Пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова поднесоа амандмани на раздел 14004 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464; раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 2Б ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482; раздел 13001 Програма 2 Потпрограма 2А ставка 489 за додавање нова Потпорграма 2Б и ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482; раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3М ставка 489 за додавање нова Потпрограма 3Р и ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 464 и 482; раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставки 464 и 482; раздел 14001 Програма 4 Потпрограма 40 ставка 464 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 и на раздел 14004 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Абдуладиi Вејсели поднесе амандмани на раздел 04007 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 425 и раздел 05001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 425; раздел 04007 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 424 и раздел 05001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 424; раздел 04007 Програма 2 Потпрограма 20 Ставка 423 и раздел 05001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 423 и на раздел 04007 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 421 и раздел 05001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 421, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Витанов поднесе амандман на раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Б и ставка 482 по Потпрограмата 2А и ставката 489 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова и Ацо Киров поднесоа амандмани во Билансот на приходи на Централен буџет по ставки категорија 71 ставка 7141 и на раздел 28001 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 488; раздел 13001 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2Б и ставка 482 по Потпрограмата 2А ставка 489 и раздел 06001 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 483; раздел 13001 Програма 3 за додавање нова Потпрограма 3К и ставка 482 по Потпрограмата 3Л ставка 482 и раздел 05001 Програма 1 Потпрограма 12 ставка 420 и на раздел 14001 Програма 1 Потпрограма 13 ставка 464 и раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д7 ставка 425, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Зумрете Јакупи, Сафет Незири и Садула Дураку поднесоа амандмани на раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 30 ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482; раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3Б ставка 488 и раздел 09002 Програма 2

Потпрограма 20 ставка 482; раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 2А ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482 и на раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 2Б ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Џеват Адеми и Аднан Јашари поднесоа амандман на раздел 12101 Програма 2 за додавање нова Потпрограма 2В и ставка 482 по Потпрограмата 2Б ставка 489 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, по кој Владата не се произнела.

- Пратениците Џеват Адеми, Аднан Јашари и Блерим Беџети поднесоа амандмани на раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 2Б ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482; раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 2А ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482; раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3Б ставка 488 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482 и на раздел 13001 Програма 3 Потпрограма 3Б ставка 488 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Петар Поп Арсов поднесе амандмани на раздел 18010 Програма 8 за додавање нова Потпрограма 8Б и ставка 482 по Потпрограмата 8А ставка 482 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482; раздел 18010 Програма 8 за додавање нова Потпрограма 8Б и ставка 482 по потпрограмата 8А и ставка 482 и раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д7 ставка 425; раздел 18010 Програма 8 за додавање нова Потпрограма 8Б и ставка 482 по Потпрограмата 8А ставка 482 и раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 10 ставка 425 и на раздел 18010 Програма 8 за додавање нова Потпрограма 8Б и ставка 482 по Потпрограмата 8А ставка 482 и раздел 04001 Програма Д Потпрограма Д7 ставка 425, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Васко Шутаров се приклучи кон амандманите поднесени од пратеникот Петар Поп Арсов под архивски број 07 - 4819/ 301, 07- 4819/ 302 и 07- 4819 / 321

Пратеникот Анета Стефановска поднесе амандмани на раздел 18010 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42 ставка 424 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482 и на раздел 18010 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 46 ставка 464 и раздел 09002 Програма 2 Потпрограма 20 ставка 482, по кои Владата не се произнела.

- Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање поднесе амандман на раздел 01002 Програма 2, Потпрограма 20, ставки 423, 424, 425 и 483 и раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 10 ставки 423, 424, 425 и 483, по кои Владата не се произнела.

- Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на раздел 02001, Програма 2, Потпрограма 20 ставка 420 и на раздел 09002, ставка 426, по кој Владата не се произнела.

- Пратениците Горан Мисовски, Благој Зашов и Веле Митановски поднесоа амандман на раздел 10001, Програма 3, Потпрограма 31, Категорија 42 и ставка 425 и на раздел 10001, Програма , Потпрограма 20, Категорија 48 ставка 482, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Шабан Салиу и Неждет Мустафа поднесоа амандмани на раздел 16101, Програма 2, Потпрограма 2А, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482; раздел 18001, Програма 1 за додавање нова Потпрограма 1В и ставка 482 по Потпрограмата 1Б и ставката 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482; раздел 16101, Програма 2, Потпрограма 2А, ставка 482 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 482; раздел 13001, Програма 3, Потпрограма 3Б, ставка 488 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 464 и на раздел 15020, Програма 2, Потпрограма 2А, ставка 481 и на раздел 09002, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Есад Рахиќ, Ружди Матоши, Зоран Витанов, Роза Топузова-Каревска, Садула Дураку, Јани Макрадули, Слободан Најдовски, Васко Шутаров, Анета Стефановска, Аднан Јашари, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Неждет Мустафа, Никола Рилкоски, Верица Филипова, Марјанчо Николов, Влатко Серафимов, Ќенан Хасипи, Хади Незири, Весна Јаневска, Кире Гештаковски, Славица Грковска, Фијат Цаноски, Оливер Спасовски, Игор Ивановски, Горан Мисовски, Благој Зашов, Фадил Сулејмани, Силвана Бонева и Весна Бендевска поднесоа амандман на раздел 02001, Програма 2, Потпрограма 20, ставка 425 и раздел 04002, Програма 1, Потпрограма 10, ставка 425, по кои Владата не се произнела.

Почитувани пратеници, тука ја прекинувам работата на седницата. Продолжуваме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 21,02 часот)